моја
# ЗЕМЈА
СПИСАНИЕ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО
И РУРАЛЕН РАЗВОЈ
јуни 2010 број 56 www.ffrm.org.mk цена: 50 ден.



**ПОДАРОК: КАЛЕНДАР ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА МАТИЦИ**



# МОДЕРНА СВИЊАРСКА ФАРМА ВО ТАТАРИНОВАЦ

ISSN 1857-534X



**БАКТЕРИОЗИТЕ ПРИЧИНИТЕЛИ НА РАКОТ**



**НАЈЧЕСТИ БОЛЕСТИ КАЈ ЈАГОДАТА**



**ШПАНСКА КОРИДА ВО СТРУМИЧКО**



**ФАРМЕРОТ ДАМЧЕВСКИ КРЕАТОР НА СОПСТВЕНАТА МЕХАНИЗАЦИЈА**

# ΛΙΠΑΣΜΑΤΑ® ΧΑΛΚΙΔΙΚΗΣ

Генерален застапник за Македонија

ЗОИ унион
тел.043 363 444

## ИМАМЕ СЕКОГАШ НА РАСПОЛАГАЊЕ

12-5-15+2Mgo+ME 6-12-18+2MgO+ME 5-20-30
8-30-20 11-15-15 8-16-24 16-20-0
21-0-0 34,5-0-0 20.5-0-0
и сите типови кристални и течни ѓубрива со потребните микроелементи

## ПРЕПОРАЧАНИ ЃУБРИВА СПОРЕД ПОТРЕБИТЕ НА КУЛТУРИТЕ

### грозје

12-5-15+2MgO+ME 12-12-17+2MgO+ME

### праски, јаболки, вишни

12-5-15+2MgO+ME 6-12-18+2MgO+ME 5-20-30

### житарици

16-20-0 20-10-0

### градинарство

12-5-15+2MgO+ME 12-12-17+MgO+ME 11-15-15

### компир, домат

5-20-30 11-15-15 12-5-15+2MgO+ME

### тутун

6-12-18+2MgO+ME 5-20-30 9-15-25 11-15-15

### ориз

12-5-15+2MgO+ME 24-12-12+1ZN

### пченка

30-10-5+1Zn 30-7-7 30-15-0

Ѓубривата се произведени по ISO стандарди и се обележани со знак CE доказ за европски и национален квалитет.



ЗОИ-УНИОН ДОО
тел/факс 043 363 444 ; 043 363 455 e-mail : na-ki@t-home.mk
по нарачка ги обезбедуваме сите типови ѓубрива

## УРЕДНИЧКИ ЗБОР

# Мали риби

„Големите риби ги јадат малите". Оваа е поговорка која сите ја употребуваме кога сакаме да потенцираме дека колку си поголем и посилен економски, толку си поуспешен на пазарот.

Тоа се случува и во земјоделството во регионот. Голем број производи (млеко, месо, житарки, овошје) се увезуваат во земјите од поранешна Југославија и на ваков начин се уништува домашното производство.

Поради тоа се појави голем револт од страна на фармерите кои со апели бараат да им се помогне со цел да го заштитат своето производство.

Од друга страна, државните институции во сите држави укажуваат дека тоа се пазарни закони и дека и земјоделците мора да се приспособат на она што го нуди и бара пазарот. Се апелира и за економско здружување.

Со цел да се разгледаат овие проблеми, Федерацијата на фармерите во РМ организира регионална конференцијата „Економското организирање на фармерите – перспектива за развој на земјоделството во регионот". Генерален заклучок од конференцијата е дека фармерите, со помош на здруженијата и државните институции, треба да работат на полето на јакнењето на економското здружување.

Се поставува прашањето колку ваквиот заклучок ќе биде сериозно сфатен од сите инволвирани страни, со цел да се заштити домашното производство, а воедно тоа да стане конкурентно и на европските пазари. На ова предупредија и земјоделските здруженија од Франција и Шведска кои присуствуваа на Конференцијата. Тие истакнаа дека, и покрај тоа што се во ЕУ, се соочуваат со проблеми со голем увоз на земјоделски производи од други членки.

Тука нема лутење. Тоа е пазар и борба за опстанок. Секој се бори да успее да ги продаде своите производи и тука не треба да напаѓаме или да се жалиме. Треба да застанеме и сите да работиме заедно, и фармерите и Министерството. И крајно време е тоа да се прави.



Ако во скоро време не покажеме резултати, и понатаму ќе останеме мали риби на домашниот и на странскиот пазар.

Со почит,

Билјана Петровска - Митревска

## СОДРЖИНА



Регионална конференција:
САМО ЕКОНОМСКИ ЗДРУЖЕНИ, ФАРМЕРИТЕ МОЖАТ ДА БИДАТ УСПЕШНИ 6



Успешна приказна
- БРАЌАТА РИЗА ПРОИЗВЕДУВААТ 200 ТОНА ЗЕЛЕНЧУК ГОДИШНО 14



Овоштарство
ЦРЕШАТА - ОВОШЈЕ НА ПРОЛЕТТА 18



Сточарство:
ОД СЛАМА ДО КВАЛИТЕТНА СТОЧНА ХРАНА 21



Механизација:
МАШИНИ ЗА ЗАОРУВАЊЕ НА СЛАМАТА 31

Списанието е финансиски поддржано од Шведската агенција за меѓународен развој. Оваа помош се состои и од директно пренесување на искуствата и знаењата од фармерите во Шведска на фармерите во Македонија преку проектот Поддршка на земјоделските здруженија во Република Македонија - СФАРМ.

Списанието „Моја земја" излегува месечно и е во сопственост на Федерацијата на фармери во Република Македонија. Првиот број излезе како организациски билтен на ФФРМ во април 2003 година, а од декември 2006 се дистрибуира како месечно специјализирано списание за земјоделство и рурален развој.

**Моја земја**
Јуни 2010
**Издавач:**
ФФРМ Медија
Ул. Гиго Михајловски, Бр. 3,
1000 Скопје
Тел/Факс: 02 3099042
е-маил: mojazemja@gmail.com
**Број на жиро сметка:**
380-1-645333 001-46
Прокредит банка
**Извршен директор и главен и одговорен уредник**
Трајан Димковски
trajan.dimkovski@ffrm.org.mk

**Уредник**
Билјана Петровска Митревска
biljana.petrovska@ffrm.org.mk
**Заменик уредник**
Македонка Балдазарска
domenmk@gmail.com
**Маркетинг и дистрибуција**
Благојче Најдовски 070/937132
blagojche.najdovski
@media.ffrm.org.mk
**Фото вест - насловна**
Благојче Најдовски
**Лектор**
Верица Неделкоска

**Новинари**
Моника Талеска, Моника Ристеска
**Стручни соработници**
проф. д-р Драги Таневски,
проф. д-р Ана Селамовска,
Академик д-р Стеван Бушњак,
Стојан Глигоров, Тони Јовановски,
Агрон Халими, Биљана Михаиловска,
Дејан Лазаров
**Соработници**
Мартин Трајчев, Весна Деловска,
Стојан Лазаров
**Дизајн:** Бригада дизајн - Скопје
**Печати:** Пропоинт Скопје



# Индивидуално членство – следен чекор за развој

На 13 мај Федерацијата го одржа своето осмо Генерално собрание на коешто делегатите ти донесуваа одлуки за понатамошните активности и развој на организацијата. Генералното собрание го отвори претседателот на ФФРМ, Ѓоко Данаилов, а со поздравни говори се обратија Љупчо Димовски, министер за земјоделство во РМ, и Аника Нугард, претставник на Шведската федерација на фармери.

Пишува: Билјана Петровска – Митревска

Воведување на индивидуално членство. Ова е најважната одлука која е донесена на осмото Генерално собрание на Федерацијата на фармерите на РМ и со измените во Статутот на ФФРМ ќе започне да се реализира од 2011 година. На ваков начин ФФРМ ќе добие нов изглед кој позитивно ќе се одрази на развојот и финансискиот опстанок на Федерацијата и, воопшто, на развојот на земјоделството.

„Ова е историски чекор за ФФРМ. Сега Федерацијата ќе биде отворена и за индивидуалните земјоделци, така што ќе се овозможи уште поголемо обединување на земјоделците во една силна организација. Но, од друга страна, ќе се овозможи и развој и на сите здруженија кои и понатаму ќе го имаат својот удел во ФФРМ. Оваа практика веќе со години е применувана во европските земјоделски здруженија, како што е Шведската федерација на фармери, француската организација АФДИ, исто така, и во земјоделските здруженија во Романија и Бугарија. Со оваа одлука, ФФРМ добива европски изглед и ќе се овозможи поголемо зближување и обединување на земјоделците", истакна Ѓоко Данаилов, претседател на ФФРМ. Според него, реформите, 20-годишната транзиција, сегашната светска економска криза, ставија негативен печат и на земјоделството.

„Најпогодени сектори и во 2009 г. беа сточарството, многу проблеми настанаа и во полјоделството, градинарството, лозарството, а на почетокот на 2010 година се појавија големи проблеми и во овоштарството, односно во јаболкопроизводството. Од друга страна, ваквите проблеми отворија дилема во врска со тоа дали земјоделството е бизнис или социјална гранка во општеството или има карактеристика на двоен стандард. Додека од една страна се промовираше потребата од инвестиции во земјоделството преку ИПАРД-фондот за зголемена конкуренција и следење на светските стандарди, од друга страна земјоделците се соочуваа со егзистенцијални проблеми", рече Данаилов, кој истакна дека претстојниот период претставува тест за фармерите. Според него, сè уште остануваат отворени прашањата во однос на здружувањето на коишто само фармерите можат да им дадат одговор.

Одлуката за индивидуалното членство беше прифатена од големиот број делегати кои присуствуваа на Генералното собрание. Според нив, преку инвидуалното членство ќе се овозможи фармерите кои не се членови на ФФРМ да добиваат информации и услуги од регионалните канцеларии и Главната канцеларија на ФФРМ. На Генералното собрание беше избрана Изборната комисија, која следната година ќе избира нови членови на УО на ФФРМ.



*Аника Нугард, претставник на Шведската федерација на фармери*

## Бидете сложни, независни, отворени и одржливи

Јас, како и мојата организација, ЛРФ, сме пресреќни што го следиме вашиот развој и сме импресионирани од тоа како се развива вашата организација, ФФРМ. Имате млада организација, но сепак сте постигнале многу во вашиот развој.

Задоволство ми е да забележам дека сте работеле на развивање на регионалната организација, што верувам дека ќе биде од огромна важност за развојот на организацијата која се раководи според барањата на своите членови.

Она што глобално се случува, влијае и на нас, како што и самите знаете, на локално ниво.

Одржливоста поврзана со климата претставува проблем насекаде. Нашите зелени индустрии се високо загрозени, тие загадуваат и тие ќе ја имаат клучната улога во понудата на решенија.

Минатата година во голема мера беше под влијание на светската финансиска криза, која прилично загрози многу држави и индустрии. Се плашам дека целиот ризик е предизвикан и од лошата финансиска состојба на вашиот сосед, Грција.

Луѓето, кои ги обединува една визија и кои заеднички ги водат нештата, можат да постигнат многу.

Нашиот проект, СФАРМ, се приближува кон крајот и, иако ќе продолжиме со извесен степен на соработка во наредните години преку советниците и, секако, ќе го задржиме нашиот интерес за вашиот развој, сепак, вие сте тие кои ќе ја водат ФФРМ напред, за да стане уште поразвиена и силна организација. Има неколку работи кои би сакала особено да ги нагласам, на кои сметам дека треба силно да се фокусирате. Градењето силни организации низ целата земја не е лесно, за што и самите сте свесни.

Работете на тоа да станете и уште понезависни! Членовите ќе треба да придонесат за својата организација презентирајќи идеи, решенија, учествувајќи во конкретни активности и, секако, придонесувајќи финансиски!

Бидете отворени! Важно е секој да се чувствува добредојден, за да имате организација која е отворена за секого. Така, финансирањето и индивидуалното членство се прашања за кои ви претстои уште работа, за да имате долгорочна истрајност на ФФРМ.

## Сè уште не е достигнато нивото на модерно земјоделство

Сè уште не сме го достигнале нивото на модерно земјоделство и не сме ги имплементирале во целост стандардите што ги бара Европската Унија. Но, Владата и натаму останува исклучително посветена на аграрниот сектор. Државата ги смета здруженијата на земјоделците за свои партнери и неизбежно се консултира со нив при донесувањето на позначајните закони и прописи, како и при реализирањето какви било активности во земјоделството. Неколку години по ред Федерацијата активно учествува во изготвувањето на програмите за финансирање на земјоделството со свои сугестии. Целта на ваквата соработка е заедничкиот интерес за зголемување на аграрниот стандард и подигнување на социо-економските услови на руралното население. Се надевам дека ФФРМ со својата мрежа на здруженија во иднина уште повеќе ќе се вклучи во напорите за подготовка на македонските земјоделци кои допрва ќе се соочуваат со предизвиците на европскиот пазар.



*Љупчо Димовски, министер за земјоделство*

## Потпишани меморандуми со АФДИ и Сојузот на стопански комори

Покрај соработката со Шведската федерација на фармери, ФФРМ започнува соработка и со француската организација АФДИ, со која потпиша меморандум на Генералното собрание. „За нас претставува задоволство што започнуваме да соработуваме со ФФРМ и да разменуваме искуства околу производството и квалитетот на млекото", истакна Ричард Деминк, претседател на АФДИ – Горна Нормандија.

На Генералното собрание, ФФРМ, исто така, потпиша меморандум и со Сојузот на стопанските комори на Македонија (ССК) со цел заедничко делување во поглед на подобрување на целокупната состојба во земјоделскиот сектор. "Со потпишувањето на овој меморандум, Агро-бизнис комората ќе започне акција за зближување на сите што имаат заеднички цели за подобра организација на земјоделското производство", изјави Зоран Даневски, претседател на Агро-бизнис комората при Сојузот на стопански комори.



*Потпишан меморандум со ССК*



*Размена на искуства*



*Потпишан меморандум со АФДИ*

# Само економски здружени, фармерите можат да бидат **успешни**



Пишува: Билјана Петровска - Митревска

Јакнење на трговските релации, инвестиции во нови технологии за поквалитетно и поголемо производство, подобрување на квалитетот и конкурентноста на земјоделските производи во насока на задоволување на барањата на потрошувачите на домашните и странски пазари, спроведување на меѓународните стандарди и добрата земјоделска практика, јакнење на економското здружување на фармерите, што е од особена важност поради малите фарми. Ова се заклучоците кои беа донесени на регионалната конференција, на која присуствуваа организации од Бугарија, Албанија, Косово, Романија, како и претставници од Шведската федерација на фармери и француската организација АФДИ, а беше организирана од ФФРМ.

Според македонските фармери, посебно внимание треба да се посвети на економското обединување на фармерите со цел да се одговори на суровата конкуренција што ги чека по влезот во Европската Унија. „Она што би сакал да го истакнам како наше барање, на фармерите од РМ, е дека во соработка со надлежните институции треба да ги намалиме даноците за формирање на кооперативи во Македонија, со цел да се доведе до јакнење на економското здружување", рече Ѓоко Данаилов, претседател на ФФРМ.

„Единствениот начин да успеете во млекарството е да се организирате во кооперативи. Во мојата организација, која функционира како синџир на вредност во Нормандија, најголемиот фармер има околу 4.000 крави. Вие со пет крави немате никакви шанси за успех на млечниот пазар на ЕУ. Со кооперативите полесно ќе ги пласирате своите производи и поорганизирано ќе преговарате со млекарниците и со владите.", вели Жан Пјер Бурбан од француската организација АФДИ. Слични проблеми се случија и во Романија и Бугарија, така што поради вакви проблеми во Романија имало и голем број протести, додека Бугарија пред да влезе во ЕУ им дозволи на големите млекарници, како „Данone" и „Мегле", да го откупуваат млекото само од фармите со повеќе од 500 крави и кои ги исполнуваа најстрогите стандарди. Малите фармери не се организираа и не можеа да даваат млеко во овие млекарници, со што се намалуваше производството на млеко во Бугарија и при влезот во ЕУ тие добија помали квоти за производство на млеко.




Аника Нугард, од Шведската федерација на фармери, ги предупреди фармерите дека мора многу да работ пред да станат дел од ЕУ. „Пред да влеземе во ЕУ, се надевавме дека ќе извезуваме повеќе производи во Унијата, но кога влеговме не само што не извезувавме повеќе, туку рововски се бориме со останатите европски производители, кои постојано нè истиснуваат на шведскиот пазар", објасни Нугард.





*Со свои ставови и фармерите од Бугарија, Романија и Франција*




Слични проблеми како македонското земјоделство има и во Албанија и Косово.

„Затоа мора да се организираме, и на тој начин да настапуваме поорганизирано и да истапуваме со нашите барања пред нашите влади", изјави Валбона Ули, претседател на земјоделска асоцијација од Албанија.

„Една од областите со најголем потенцијал е винскиот сектор. Многу од нас посетиле вински центри во Македонија и вкусиле од квалитетните вина. Но, важно е да се потсетиме дека лани помалку од пет отсто од извозот во ЕУ беше вино во шишиња за сметка на наливното. Потенцијал има и во брендирањето, токму тоа ќе ја стави земјата на меѓународните пазари. „ подвлече евроамбасадорот Ерван Фуере.

Земјоделците од цела Македонија порачуваат

# Во ЕУ само ако сме подготвени

Пишува: Мартин Трајчев, претставник на ФФРМ во Брисел

**На работилниците „Перспективите на македонското земјоделство во ЕУ", македонските фармери инсистираа на постабилна законска и административна клима за развој на земјоделството, како и одложување на спроведувањето на одредени закони до почетокот на преговорите и по стапувањето во ЕУ. Имплементирањето да се направи кога ќе бидат подготвени да ги спроведуваат.**





„Перспективите на македонското земјоделство во ЕУ" е темата на работилниците што ги организира ФФРМ во четирите регионални центри во Кочани, Битола, Гостивар, Струмица и Скопје, на кои присуствуваа повеќе од 130 членови на Федерацијата. На работилниците беа презентирани многу информации кои се од исклучително значење за иднината на нашето земјоделство: тековните случувања во ЕУ поврзани со земјоделството, реформата на Заедничката земјоделска политика на ЕУ по 2013 година и буџетот кој се очекува да биде алоциран за периодот 2013-2020, а кој веројатно ќе важи и за Македонија, законските обврски за нашите земјоделци, претстојните преговори со ЕУ и најважно од сè - различните искуства на новите земји-членки со пристапувањето во ЕУ.

Со цел да ја прикажам во вистинска смисла на зборот „европската приказна", како пример ги зедов полските и литванските фармери чии искуства се дијаметрално различни, иако и двете земји пристапија заедно во ЕУ. Поддршката на полските земјоделци за влез во ЕУ во 1999 година (пет години пред членството во Унијата) била 29 проценти, додека во истиот период поддршката кај литванските земјоделци била високи 90 проценти. Во 2008 година, поддршката за ЕУ кај Полјаците е 76%, додека кај Литванците е падната под 30%. Тука се наметнува прашањето - што се случило за претходно наведените бројки да се сменат толку драстично?

Одговорот е едноставен. Поддршката на полските фармери на референдумот за интеграција во ЕУ била директно условена со финансиската поддршка од страна на Владата на Полска, пред, но и по зачленувањето во ЕУ. Имено, иако државната помош е ограничена и строго контролирана, на инсистирање на полските фармери, на Полска и било дозволено да продолжи со нивно финансирање директно од државниот буџет и покрај парите од ЕУ и таа во 2008 година изнесувала преку четири милијарди евра (половина полски, половина европски пари). Кај литванските земјоделци случајот бил поинаков - тие биле комплетно неинформирани за предизвиците што ги чекаат по влегувањето во ЕУ, па оставиле на политичките елити да преговараат во нивно име и висината на поддршката што денес ја имаат е само од ЕУ и е занемарлива, а многумина од нив и ги продале своите фарми бидејќи не можеле да се носат со конкуренцијата наметната од нивните колеги од Европската Унија.

Нашите земјоделци се повеќе од свесни дека исклучително од нас зависи дали ќе видиме „аир" од членството во ЕУ или и ние ќе почнеме да ја продаваме својата земја и стока (некои од нас веќе почнаа). Беа чуени предупредувања дека членството во ЕУ ќе биде поддржано од фармерите само ако тие се почувствуваат подготвени да се носат со конкуренцијата (не секогаш лојална) која ќе следува во годините по зачленувањето, но и претходно. Тие побараа поголема финансиска поддршка од државата и покрај субвенциите и парите од ИПАРД (за кои немаат илузии дека ќе ги искористат). Побараа поголема поддршка во правец на модернизирање на фармите; побараа повторно излегување на Катастарот на терен бидејќи голем дел од нив го пропуштиле повикот за мерење кој бил несоодветно објавен. Инсистираа и на постабилна законска и административна клима за развој на земјоделството, како и одложување на спроведувањето на одредени закони до почетокот на преговорите и по стапувањето во ЕУ, откако ќе бидат подготвени да ги спроведуваат. Фармерите имаа и многу други барања кои ќе бидат доставени до сите релевантни политички фактори од сите провиниенции за подобрување на позицијата на македонското земјоделство пред започнувањето на преговорите. Во спротивно, повеќе од 90 проценти од присутните рекоа дека ќе размислат за поддршката за членство во Европската Унија што, следејќи го примерот на полските фармери, и не е толку лоша почетна преговарачка позиција.

# Зголемен лимитот за кредитите за откуп на винско грозје

Наместо 300.000 евра, што беше лимит досега, винарските визби ќе може да земат максимален заем од 700.000 евра со пет отсто годишна камата од земјоделскиот кредитен фонд. Целта на зголемувањето е да се исплатат заостанатите долгови кон лозарите од реколтата 2009 година.

Фондот годинава располага со 10 милиони евра од кои 2,5 милиони се за лозарите и винарите.

„Новите кредитобаратели може целиот износ од 700.000 евра да го наменат за отплата на долговите или со 300.000 евра да набават основни или обртни средства, но сумата над оваа до новиот лимит може да биде наменета само за подмирување обврски за откуп на грозје за преработка", рече заменик-министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Перица Иваноски, на средбата со новинарите.



Винарските визби што лани веќе користеа од овие кредити до најмногу 500.000 евра, сега може да позајмат уште 200.000 евра.

Во насока на обезбедување пласман за виното во залиха, веќе се остварени контакти со 15 амбасади. Испратени се дописи со детална спецификација за количините и квалитетот. Повратните информации од заинтересираните странски купувачи се доставени до визбите.

Согласно новите закони за вино и за земјоделство, договорите меѓу лозарите и винарите мора да се склучат најмалку 45 дена пред откупот на грозјето и со нив да се покријат 50 отсто од договорените количини, а откупот мора да се врши со потпишан договор.

# Да избереме национална и приватна ознака за органските производи и производ во преод

Согласно новиот Закон за органско земјоделско производство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е во процес на изготвување и избор на нова национална ознака за органски производ и национална ознака за производ во преод.

За вклучување на пошироката јавност, транспарентност и прифатеност на националната ознака, Министерството нуди пет идејни предлог-решенија. Сите заинтересирани граѓани кои сакаат да учествуваат во изборот на националната ознака ќе може да го сторат тоа со гласање на веб-страницата на Министерството за земјоделство. (www.mzsv.gov.mk)

Бидете креатор на македонскиот знак за органски производ!




1 2 3 4 5

# Успешно реализирана УСАИД програмата за македонските агробизниси

Вкупно 28,5 милиони долари извоз, 7,6 милиони долари инвестиции во приватниот сектор и дополнителен приход за повеќе од 10 илјади домаќинства е резултатот од проектите за деловен развој реализирани изминативе 18 месеци со поддршка на програмата АгБиз на Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД).

„Од 2007 година наваму им помогнавме на 180 агробизниси да го зголемат својот капацитет и да станат поконкурентни на регионалните и светските пазари. Техничка помош, пристап до финансиски средства, подобрени врски меѓу производителите, преработувачите и продавачите, работилници, конференции, саеми и студиски посети, беа само дел од спроведените активности", рече амбасадорот на САД во Македонија, Филип Рикер, на презентацијата на резултатите од проектите.

Според него, македонскиот земјоделски сектор, кој генерира речиси 16 отсто од бруто-домашниот производ во земјата и вработува 25 проценти од населението, сѐ уште има доволно простор за развој и освојување нови пазари.

„Фирмите од агробизнисот и земјоделските производители се главните двигатели на македонскиот аграр. Унапредувањето на земјоделството е еден од нашите најважни реформски проекти зашто овој сектор е значаен извор на националниот приход и еден од стратешките со висок развоен потенцијал", истакна ресорниот министер, Љупчо Димовски.

Тој напомена дека предизвикот од глобализацијата на пазарите не е никаде поголема отколку во прехранбениот сектор и затоа јакнењето на конкурентноста, како што рече, зависи од сите чинители во синџирот, од примарното производство до пазарот.

„Поседување производ со додадена вредност значи придобивка не само за производувачот, туку и профит за трговецот, како и препознатливост и поголема конкурентност", подвлече Димовски.

Од март 2007 година, програмата АгБиз работеше со повеќе од 180 земјоделски фирми во четири сектори, свежо овошје и зеленчук, вино, преработки од зеленчук и самоникнати шумски видови. Целта на проектите беше зголемување на конкурентноста на компаниите преку додавање вредност на постојните производи, развој и проширување на извозните пазари, зголемување на капацитетите и примена на системите за безбедност на храна.

# Продлабочување на соработката меѓу Македонија и Албанија



Интензивирање на соработката, размена на искуства, идеи и стоки, договорија министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, **Љупчо Димовски**, и неговиот албански колега, **Генц Рули**, на првата официјална средба, иницирана од Канцеларијата на Светска банка.

„Нашето позитивно искуство ќе го пренесеме на албанската страна, бидејќи македонската соработка со Светска банка од аспект на приближувањето кон ЕУ во делот земјоделство е добар пример што може да се пренесе и во Албанија", изјави министерот Димовски.

„Соработката на нашите две земји како соседи и прекуграничната соработка е на некој начин обврска и од аспект на евроинтеграциските процеси. Имаме многу области каде што можеме да соработуваме во интерес на двете страни. Ги идентификувавме сите сектори каде што можеме да ја продлабочиме соработката", истакна албанскиот министер за земјоделство, храна и заштита на потрошувачите, Генц Рули. Тој оцени дека македонското земјоделство е понапредно од албанското и дека Албанија се соочува со истите болести и проблеми низ кои мина и македонскиот аграр.

Директорот на канцеларијата на Светска банка Маркус Репник, на денешната средба истакна дека Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделсвото и руралниот развој со својот висок професионален капацитет успешно ја спроведе целосната ЕУ агенда.

Двајцата министри ја посетија и македонската Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој каде што се презентираше процесот на добивање на акредитација.

# Се интензивираат градежните работи за Интегрирано гранично управување на Табановце

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Димовски, и евроамбасадорот, Ерван Фуере, извршија обиколка на градежниот објект за ветеринарна и фитосанитарна контрола на граничниот премин Табановце.

Со помош на средства од Програмата на CARDS е поддржан проектот „Поддршка на интегрирано гранично управување", управуван и финансиран од страна на Европската агенција за реконструкција.

Со проектот, како грант се обезбедени финансиски средства во висина од 1.674.356 евра, наменети за изградба на објекти за ветеринарна и фитосанитарна контрола на граничниот премин Табановце, а вкупната корисна површина на објектите изнесува 1819 м$^2$.

„Изградбата на објектите за преглед на пратки од растително и животинско потекло е во согласност со насоката на ЕУ за исполнување на стандардите од европската легислатива која се однесува на исполнување на ветеринарни и фитоуслови за увоз и транзит на стоки од растително и животинско потекло, како и за увоз и транзит на живи животни", истакна министерот Димовски. Тоа е можност и за вршење на адекватна контрола при увозот и транзитот на стоки од растително и од животинско потекло и на живи животни, како и можност за вршење комплетен преглед на пратките (земење на мостри, адекватно чување на производите од животинско потекло додека да се добијат резултатите од анализите, како и чување на животните во карантин согласно Законот за благосостојба на животните.

Воспоставувањето на ваков систем, посочи евроамбасадорот Фуере, ќе овозможи усогласување со системот за контрола со европските стандарди.

Интегрираното гранично управување придонесува и за намалување на времето за контрола на пратките и на животните кои се увезуваат и транзитираат низ Република Македонија, намалување на трошоците при контролата, а со тоа и забрзување на протокот на стоки кои се увезуваат или транзитираат преку нашава земја.

# Големите маркети заинтересирани за продажба на македонската органска храна

Трговците коишто се заинтересирани за продажба на органски земјоделски производи да дефинираат за кои култури и преработки и за колкави количини за пласман се заинтересирани, а Федерацијата на производители на органски производи (ФОП) неопходно е да подготви листа на производи и расположливи количини за продажба. МЗШВ, во соработка со програмата АгБиз, ќе направи анализа на потенцијалот за органско производство во нашата земја, а веќе се прават подготовките на ресорното министерство за реализација на национална кампања за промоција на органското производство во Р. М. Ова се заклучоците од состанокот меѓу претставниците на големите супермаркети и ФОП, кој се одржа во МЗШВ.

Фармерите-членови на ФОП, им ја презентираа на трговците палетата на органски производи и количествата што тие можат да ги понудат на пазарот. Од нив побараа да ги дефинираат условите за продажба на органските производи во нивните трговски центри со цел навремено да се организираат потребните количества за пласман, како и околу пакувањето и дистрибуцијата на производите.

Министерство за земјоделство дава голема финансиска поддршка за развој на органското земјоделско производство во Р. М. Следејќи го интересот на ФОП, од година во година, почнувајќи од 2005, ја зголемуваме поддршката на примарните органски производители. Така, во 2005 г. таа изнесуваше симболични 6 милиони денари, во 2007 г. достигна 11 милиони, во 2008 г. 20 милиони. Минатата година, за поддршка на органското земјоделско производство беа одвоени 50,1 милиони денари, а годинава со Програмата за финансиска поддршка за органско земјоделско производство од буџетот се предвидени 70,8 милиони денари.

Во 2005 г., кога почна поддршката на органските фармери, сертифицирани беа само 266 ха земјоделска површина. Во 2006 г. сертифицираната површина скоро двојно се зголеми и изнесуваше повеќе од 509 ха. Во 2007 г., како органска е сертифицирана површина од 714 ха, следната 1029 ха, а во 2009 г., како органско производство се сертифицирани 1055 ха.

Република Македонија е водечка земја во регионот по големината на финансиската поддршка што ја дава за развој на органското земјоделско производство, а со новиот Закон за органско земјоделско производство, донесен во декември минатата година, и во поглед на усогласеноста со европската легислатива.

# Ревизија – да, но не со еден аршин за сите



Пишува: Дејан Лазаров, консултант од АКОМ

Со новиот Закон за задруги од 2002 година, до денес во Македонија се формирани околу 60 задруги. Голем дел од нив се само регистрирани како земјоделски задруги без да работат според принципите на задругарството.

Земјоделските задруги во Република Македонија се претежно мали, со 7 до 15 членови.Преку програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, и оваа година државата, со пет милиони денари, ќе го поддржи формирањето на нови и одржувањето на работата на веќе формираните задруги.

Во првата мерка, 6.1, максималната вредност за која може да аплицира новоформираната земјоделска задруга е 700 илјади денари од вкупните 2 милиони денари за оваа мерка. Прифатливи се трошоците за едукација на потенцијалните членови за предностите од економското здружување и организирање. Со пари од оваа програма ќе се кофинансираат и оперативните трошоци за формирање на задругата, за едукација на управителот за основите на менаџментот на задругата, како и за набавка на опрема за канцелариски простории, компјутерска опрема. Програмата ги покрива и трошоците за водење на сметководство и бруто-плата на управителот на новоформираната земјоделска задруга. Во втората мерка, 6.2, со три милиони денари ќе се поддржи и одржувањето на работата на постојните земјоделски задруги. Максималната вредност на поддршката за нив изнесува 500 илјади денари. Задругите кои ќе аплицираат за мерката 6.2 мораат да остварат годишен профит од најмалку еден милион денари од продажба на земјоделски производи произведени од членовите или од продажба на репроматеријали на членовите во претходната фискална година.

Во разговор со МЗШВ субвенции од руралната програма за 2009 година имаат добиено само пет задруги во земјава, што значи дека задругарството е сè уште на ниско ниво и е во почетна фаза.

Алијансата на кооперативите во Македонија (АКОМ) поднесе сугестија за обуките на новите управители на задругите и членовите да бидат спроведени пред да се формира задругата и да бидат однапред финансирани од страна на МЗШВ, бидејќи задругите на самиот почеток на работа не се можни да обезбедат средства за финансирање на обуките. Исто така, и да постои можност ДООЕЛ-от формиран од земјоделско здружение да аплицира за субвенциите предвидени со Програмата. Според Законот за задруги од 2002 година, задруга можат да формираат минимум три физички или правни лица. Во тек е подготовка на новиот закон за задруги кој треба да има измени околу ревизијата на задругите, со цел таа да стане облигаторна за сите видови на задруги. Но, на тој начин задругите се ставаат во трошок за ревизија која чини околу 2.000 евра. Дополнителен проблем е тоа што оваа цена е иста за сите, и за мали и за средни и за големи претпријатија. Меѓутоа, во однос на задругите, со оваа ситуација во подобра положба се трговецот-поединец или ДООЕЛ кои немаат таква законска обврска. Според Законот за ревизија, субјекти подложни на ревизија со член 476 од Закон за трговски друштва се средни и големи трговци, друштва со ограничена одговорност и акционерски друштва. Наше мислење е доколку задругите треба да бидат подложни на ревизија, тогаш одредбите од Законот за ревизија треба да се применуваат на ист начин. Односно, до одреден обрт да се сметаат за средни и големи трговци или ако имаат над 100 члена, каде што тешко се следи финансиското работење. За ревизијата ќе се сметаат само важечките одредби од Законот за трговски друштва и Законот за ревизија.

За 2010 година сметаме дека бројот на задругите ќе се зголеми ако има измени на Законот каде што ќе биде дефинирана големината на задругата која ќе мора да спроведе ревизија, но и поради подобностите за субвенционирањето при формирањето на нова задруга, како и форма на бизнис-модел со кој може да се аплицира за ИПАРД-фондовите и фондовите на руралната програма. АКОМ, во соработка со Федерацијата на фармерите во РМ, ќе им понуди поддршка на сите заинтересирани фармери што сакаат да формираат задруга и за сите прашања поврзани со задругите.

Средното училиште на Град Скопје „Браќа Миладиновци,,-Скопје,во согласност со конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта во учебната 2010/2011г.објавен од Министерството за образование и наука на Република Македонија

**РАСПИШУВА**

Интерен оглас за упис на учениците во прва година во учебната 2010/2011 год. прв уписен рок (прво пријавување)

Во прва година ќе се запишат 544 ученици во 16паралелки (306 во 9 паралелки на настава на македонски јазик и 238 ученици во 7 паралелки на настава на албенски јазик) според наставните планови и програми за:

**Гимназиско образование 170 ученици 5 паралелки 4г.тр. 60 минимум поени.**
**-македонски јазик 102 ученика 3 паралелки, 4г.тр. 60 минимум поени;**
**-албански јазик 68 ученика, 2 паралелки 4 г.тр. 60 минимум поени;**
**Земјоделско-ветеринарна струка 374 ученици,11 паралелки,**
**-техничар за фармерско производство 34 ученици1 паралелка 4г.тр.40мини.поени;**
**-техничар за фармерско производство –албански јазик,34 ученици,1 паралелка,4г.траење 40 минимум поени.**
**-техничар за хортикултура 34 ученици 1 паралелка, 4год.тр.40 минимум поени;**
**-техничар за хортикултура-албански јазик,68 ученици,2 паралелки,4г.тр.40 минимум поени;**
**-лозаро-винарски техничар,34 ученици,1 паралелка,4г.тр.45 минимум поени;**
**-ветеринарен техничар,68 ученици 2 паралелки 4г.тр.50 минимум поени;**
**-ветеринарен техничар-албански јазик,68 ученици,2 паралелки,4г.тр.50 минимум поени.**
**-техничар за агроменаџмент,34 ученици,1 паралелка,4год.траење,50 минимум поени.**

Објавувањето на минимумот поени треба да се изврши: -за првиот уписен рок,второ пријавување на 22 јуни 2010год.
-за вториот уписен рок на 2 јули 2010год.


Производство во заштитени простори
ОРАНЖЕРИИ ПЛАСТЕНИЦИ
NetaJET
АГРО ТЕХНОЛОГИЈА
АГРО ИСКУСТВО
АГРО ЗНАЕЊЕ
АГРО ЕКОНОМИЈА
МАГАН МАК
Орце Николов 71
1000 Скопје Р. М
Тел: 02/3216-147
факс: 02/3216-158
MAGAN-MAK
NETAFIM™

# ЗАРАЗЕНОТО СЕМЕ

## СИМПТОМИТЕ НА ЗАБОЛУВАЊЕ ОД ФИТОПАТОГЕНИТЕ БАКТЕРИИ СЕ МАНИФЕСТИРААТ КАКО ДАМКАВОСТ, НЕКРОЗИ, ПЛАМЕНИЦИ И РАК-РАНИ.



Пишува: дипл. инж. агр. Стојан Глигоров

Голем број земјоделски култури покажуваат осетливост на фитопатогените бактерии. Пиперката, доматот, крушата, кајсијата и други претрпуваат големи штети.

**Борбата против овие бактерии е многу тешка и комплицирана.** Меѓу првооткриените вакви бактерии е, на пример, erwinia amylovora, чие спречување не е решено и по многу години од нејзиното појавување. Оваа бактериска болест и ден-денес е голем проблем во одгледувањето на крушата во многу европски земји и во САД.

**Фактори на инфекција:** присуство на паразит, присуство на осетлив домаќин и поволни услови на средината.

**Извори на инфекција:** заразено семе и растителен материјал, растителни остатоци, инсекти-вектори.

**Симптоми на заболување од фитопатогени бактерии:** дамкавост, некрози, пламеници, рак-рани. Некрозата и пукањето на кората доведува до промени означени како рак-рани. Во овој случај претходи формирање на вдлабнати дамки во ткивото на кората која потоа пука. Околното здраво ткиво се обидува да ја затвори раната, па се јавуваат испакнатини кои се нарекуваат рак-рани.









## ПРИЧИНИТЕЛ НА БАКТЕРИСКИОТ РАК И БАКТЕРИОЗНОТО ВЕНЕЊЕ НА ДОМАТОТ (CLAVIBACTER MICHIGANENSIS SUB SP. MICHIGANENSIS)

- Бактерискиот рак е распространет насекаде каде што се одгледуваат домати;
- Штетен е во области со топла и влажна клима;
- Симптомите се појавуваат на сите надземни делови;
- Појава на жолтеникави дамки, венење на цели растенија, пукање на кората на стеблото;
- На попречен пресек, потемнети спроводни садови со празнини (жолти или црвенкасти) во стеблото;
- Бактеријата се развива на температура од 16 до 36°C , се инфицира преку отворени рани во спроводните садови;
- Бактеријата се одржува на семе, растителни отпадоци и во почвата;
- За сузбивање се воведуваат тригодишен плодоред, просторна изолација, употреба на здрав семенски материјал, третирање со бакарни препарати или комбинација од бакарен хидроксид со манкозеб и цинеб, одгледување на отпорни сорти.





# – ДИРЕКТЕН ИЗВОР

## ПРИЧИНИТЕЛ НА ЦРНА ДАМКАВОСТ НА ЛИСТОВИ И КРАСТАВОСТ НА ПЛОДОТ КАЈ ДОМАТ (PSEUDOMONAS SURINGAE PV. TOMATO)

- Црната дамкавост на доматот е присутна во повеќе европски држави.
- Оваа болест ги напаѓа сите надземни делови – органи на растението. На почетокот, симптомите се многу слични како кај другите бактериози, подоцна по листовите се јавуваат влажни зелени дамки, а потоа виолетови, кои некротираат и поцрнуваат. Околу дамките се јавува жолтеникав круг, каде што се зафатени спроводните садови, потоа листовите се сушат и опаѓаат. Таму каде што е присутна бактеријата, по стеблото се јавуваат влажни кафеави дамки кои подоцна стануваат црвенкасти
- По цветовите се појавуваат ситни црни дамки и тие пропаѓаат или изумираат.
- По плодовите се јавуваат дамки кои стануваат вдлабнати, сјајноцрни и ситни, инфицираното ткиво пука во вид на ѕвездести пукнатини кои личат на чадливи красти и при зреењето на плодот околу дамките се појавува жолта боја.
- Бактеријата се одржува во површински заразено семе, плевели и растителни остатоци, болеста се развива на влажно и на многу топло време
- За сузбивање се употребуваат селекционирани отпорни сорти, плодоред, уништување на заразените растителни остатоци, дезинфекција на семето, третирање во текот на вегетацијата со бакарни фунгициди – бактерициди.



## ПРИЧИНИТЕЛ НА РАК-РАНИ И ИЗУМИРАЊЕ НА МЛАДИ ФИДАНКИ. КАЈ КОСКЕСТО ОВОШЈЕ (PSEUMONAS SYRINGAE PV. MORSPRUNORUM)

- Ги напаѓа сите коскести овошја, цреша, слива, кајсија, праска, вишна и др.
- Симптоматично е тоа што се појавуваат рани по младите ветки, задебелување и појава на смола.
- Летораститe заостануваат во порастот, пожолтуваат и изумираат.
- Во биолошкиот циклус во развојот на бактеријата се разликуваат две фази: првата е во текот на зимата, кога бактеријата формира рак-рани, а втората во текот на вегетацијата напролет, кога доаѓа до дамкосување на листовите.
- Се шири преку дождовните капки, а се инфицира преку рани.
- За сузбивање се препорачува употреба на бакарни фунгициди со две прскања напролет, пред цветање, и наесен, непосредно по опаѓањето на листовите. Употреба на стрептомицин напролет – кај одделните сорти на сливи се појавува различен степен на отпорност.








# ПРОИЗВОДСТВО од 200 ТОНА ЗЕЛЕНЧУК ГОДИШНО



Имери Риза

## НА 1/3 ОД ОБРАБОТЛИВАТА ПОЧВА ЗАСАДУВААТ 20 ИЛЈАДИ КОРЕЊА ДОМАТИ ОД КОИ ГОДИШНО ПРОДАВААТ И ДО 100 ТОНИ ПЛОД

Пишува: **Моника Ристеска**

Градежниот техничар Имери Риза, заедно со своите двајца браќа, годишно произведува околу 200 тона зеленчук, меѓу кои 100 тона домат, 60 тона зелка (сорта „труктор" и „балбро") и 30 тона компир. Овој род, во којшто доминира доматот, го одгледуваат на три хектари обработлива земја (од која половина е изнајмена), во скопското село Грчец, коешто се наоѓа на еден километар од Сарај.

Риза признава дека земјоделството не е лесно занимање, но според него, решението се крие во добрата организација на работното време во текот на денот: „Со бербата започнуваме во пет часот наутро, а завршуваме во девет. На тој начин ги избегнуваме жештините. Но, тука не завршува работата. Полузрелиот домат потоа го сортираме во дрвени гајби и хартиени кутии од банани, делејќи го на прва и втора класа", објаснува Риза.

„Одржувањето на здравјето на доматот е клучен фактор за квалитетот. За да ги спречиме болестите на листовите, ние три пати прскаме со „Ридомил", кој ги уништува бубачките, а не е штетен за плодот", вели Риза. А, како што додава и неговиот брат, Рамадан Риза, садењето се одвива етапно, постепено, не одеднаш, за навреме да се стасува со берењето. На тој начин продаваат во текот на целата сезона. Нашиот соговорник, Имер Риза, вели дека не се плаши ниту од новитетите: „Секоја година испробуваме нови сорти и потоа правиме споредба. Она што ќе се покаже како најуспешно, тоа и го садиме понатаму. Лани ја садевме сортата „бел е", а годинава пробав и други сорти, меѓу кои и сортата „измир".

Доматот, Имер го посадил на први март, а првите плодови ги очекува на почетокот на јули. Иако доматот има многу ниска откупна цена, според него, најважен е квантитетот. Затоа препорачува да се садат и берат што е можно поголеми количества, бидејќи само на тој начин се остварува профит, без разлика колку е ниска откупната цена. „Дневно береме околу три тона домат. За време на бербата е ангажирано целото семејство, а по потреба и сезонски работници. На 1 август завршуваме со последната берба на домати".

Тој не го продава доматот во фабриките за преработка, туку неговите производи може да се купат на Кванташкиот пазар во Скопје, а во помала мера и на пазарите во Сарај и Тетово. Инаку, тој е еден од ретките кои своите производи ги пласираат и на странските пазари.

Имери Риза за наводнување користи вода од сопствениот бунар којшто е длабок 13 метри, поврзан преку пумпа на системот „капка по капка".





Непотребните гранчиња се чистат на тој начин што се поткршуваат, за доматот подобро да расте.

Вообичаено, сè што ќе наберат утрото се продава на пазарите, но Риза сепак признава дека 20 тона стока се фрлаат секоја година, а тие ја користат како храна за своите крави. Иако Грчец е село во кое 70% од населението се занимава со земјоделство, Риза, кој зад себе има 20-годишно искуство, не стравува од конкуренцијата. Во семејството Риза земјоделството се пренесува од поколение на поколение, па дури и неговите деца, покрај училишните обврски, им помагаат на своите родители. „Треба да научат да работат, а трудот секогаш е награден!"



# ДВА ДО ТРИ ТОНА ДИЊИ ПО ДЕКАР

## МЛАДИОТ ЗЕМЈОДЕЛЕЦ ОД ВАЛАНДОВСКО ОДГЛЕДУВА ПОВЕЌЕ ВИДОВИ ГРАДИНАРСКИ КУЛТУРИ МЕЃУ КОИ ЗНАЧАЈНО МЕСТО ИМ ДАВА НА ДИЊИТЕ. ГОДИНАВА ПОСАДИЛ ТРИ ДЕКАРИ.

Пишува: Весна Деловска

Владо Бачев е млад земјоделец од село Јосифово, Валандовско. Тој, заедно со својата сопруга Лидија, одгледува повеќе видови земјоделски култури, како брокула, зелка, но значајно место му придава и на бостанот, особено на дињите.

Годинава посадил околу три декари дињи од сортите „фареш" и „магдемоно". Со садење започнува во почетокот на март, кога семките ги сади во ќесиња полни со земја (хумус) донесена од планина, но пресеана и прочистена низ мрежа. Потоа ќесињата ги сади во леи кои, пак, се наоѓаат во затоплена оранжерија со помош на подни грејачи сместени на одредено растојание под ќесињата, а во недостаток на сончеви денови вградува и светилки. Еден месец подоцна дињите ги расадува на нива и тоа на растојание 1,20 м од корен до корен и меѓуредово растојание од 2,80 метри.

Бачев планира да го модернизира системот за наводнување, т.е. да монтира систем капка по капка. Но, засега наводнувањето го врши со помош на бушотина т.е. ископан бунар во земја на длабочина од 40 м кој со помош на потопна пумпа ја испумпува водата 2 км до површината потребна за наводнување. Заштитата кај дињите ја спроведува класично, со инсектициди и пестициди.

Младиот земјоделец вели дека бербата на дињите ја започнува некаде околу средината на јуни, а трае до крајот на август и почетокот на септември.

Во просек, очекуваното производство му се движи од два до три тона дињи по декар. По потреба, за берба ангажира и сезонски работници, а производот го продава на препродавачи од цела Македонија. Првичната цена по која ги продава дињите Бачев истакнува дека е задоволителна и започнува од 30 денари, но тоа е само на почетокот кога таа е актуелна и атрактивна, а потоа цената опаѓа и се движи до околу 18 денари.








# Најчести болести кај јагодата

Пишува: доц. д-р Ана Селамовска,
Земјоделски институт - Скопје

**Болестите на јагодата можат да се групираат во три групи: болести на корен и стебло, болести на листови и болести на плодови.**

За успешно одгледување јагоди и добивање високи приноси, неопходно е да се преземат бројни мерки за заштита од разни причинители на болести. Заштитата се усложнува поради кусиот рок за изведување на сите агротехнички и помотехнички мерки, во текот на вегетацијата, како и карактерот на берба на плодовите, која се изведува во повеќе наврати. Болестите на јагодата можат да се групираат во три групи: болести на корен и стебло, болести на листови и болести на плодови.

**Економски значајни болести на коренот и стеблото се:** црвенкаста срцевина и трулеж на коренот (предизвикувач е паразитната габа Phytophtora fragariae), венење на коренот (предизвикувач е паразитната габа Verticillium albo-atrum) и црно гниење на коренот (предизвикано од патогените габи Rhizoctonia solani, Idriella lunata). Главен извор на зараза од болеста трулеж на коренот претставува заразен саден материјал. Симптомите се карактеристични и доаѓаат до израз во втората година по садењето. Нападнатите растенија закржлавуваат, коренот поцрнува и гние. За ширење на оваа габа е погодно влажно време. Болеста се јавува на слабо проветрени почви. Венење на корен се јавува на заразени почви. Најмногу е распространета на почви каде што претходно биле одгледувани домат, пипер или компир. Во почвата, габата останува витална повеќе години и многу тешко се сузбива. Од директни мерки за заштита, најефикасна е дезинфекцијата на почвата, која се препорачува да се изведе од страна на стручно лице. Заболените растенија од црно гниење на коренот се закржлавени и малку плодоносат.

**Позначајни болести на листот се:** дамкавост на листот (Mycosphaerella fragariae) и пепелница (Sphaerotheca macularis f.sp. fragariae). Дамкавоста на листот најчесто се јавува на почви каде што повеќе години се одгледуваат јагоди, како и поради употреба на нискоквалитетен саден материјал. За ширење на оваа болест поволно влијаат честите врнежи. Типични симптоми на зараза (ситни црвенкастовиолетови дамки) се јавуваат на листовите, но болеста се јавува и на плодови, цветни делови и лозички. Пепелница на лист најчесто се јавува во постари насади. Ги напаѓа сите надземни делови на растението. Симптомите на листот се многу карактеристични. Заразените листови се свит-



куваат нагоре. На долната страна на листот се јавува белосивкаста тенка покривка. Нападнатите плодови се ситни, неквалитетни и изгледаат како да се запрашени со бел прав.

**Позначајни болести на плодот се:** сиво гниење (предизвикано од габата Botryotinia fuckeliana) и антракноза (болест предизвикана од повеќе габи: Colletotrichum acutatum, Colletotrichum fragariae, Colletotrichum gloeosporioides). На сиво гниење особено се чувствителни плодови кои лежат на почвата, каде што влажноста е



поголема. Плодовите омекнуваат, добиваат горчлив вкус и темна боја и набрзо ги покрива сива превлака. За развој на болеста помагаат дожд, ветер, висока влажност на воздухот и заплевени насади. Покрај плодови, патогените габи коишто ја предизвикуваат антракнозата, ги напаѓаат лозичките, розетите и лисните дршки. Симптоми на плодови се јавуваат во услови на топло време и висока релативна влажност на воздухот. Плодовите се заразуваат во сите фази на развој. Се јавуваат светли или воденести дамки со дијаметар од 3 мм. Со текот на времето дамкит се зголемуваат и го зафаќаат целиот плод, кој подоцна се суши и мумифицира.

**Вируси** – Јагодата ја напаѓаат голем број вируси, повеќе од 25. Се пренесуваат со лисни вошки, фитоплазми, нематоди, инсекти, полен и др. Симптоми се јавуваат на сите органи. Заразените растенија со вируси имаат слаб квалитет, предизвикуваат дегенерација, закржлавеност и слабост на целото растение. Влијаат на приносот и квалитетот на плодовите. Најголем број на вирусни заразени растенија се сретнуваат во насади подигнати со неконтролиран саден материјал во однос на здравствената исправност.

Поважни инсекти кои ја напаѓаат јагодата се: лисни вошки, јагодин цутојад, мајски бумбар, грињи и др. Овие штетници при масовна појава нанесуваат директни штети, го намалуваат приносот и квалитетот на плодовите. Освен тоа, тие се пренесувачи на некои вирусни заболувања и придонесуваат за ширење на габични заболувања.



*Сиво гниење на јагодите*

## Мерки за заштита на јагодата

**- Во индиректни (превентивни) мерки за заштита спаѓаат:** избор на помалку осетливи сорти, користење на здрав саден материјал, правилен избор на локација, подигнување насади на незаразени и умереновлажни почви, одржување плодоред, соодветна исхрана, умерено ѓубрење со азотни ѓубрива, навремено спроведување на сите агротехнички и помотехнички мерки. Со нивна примена може да се намали потребата од примена на директни мерки за заштита од болести и штетни инсекти и употребата на хемиски средства.

**- Директни мерки за заштита:** употреба на хемиски средства за заштита доколку се јави болест или штетник. Овие мерки се изведуваат во одделни фази, поради што можат да се групираат во: мерки за заштита пред и за време на подигнување на насад и мерки за заштита на насад кој е во род (мерки од почеток на вегетација до цутење, мерки по цутење до крај на бербите и мерки за заштита по бербите).

Од големо значење е правилната прогноза за појава на штетникот и навремена соодветна заштита. Мерките за заштита на насад од јагоди кој е во род главно треба да бидат насочени во периодот од почетокот на вегетацијата до цутењето. Доколку во овој период се постигне ефикасна заштита, бројот на третирања со хемиски средства, во останатиот дел од вегетацијата, ќе биде намален или непотребен. По цутењето и заврзувањето до пред зреење, мерките за заштита се вршат по потреба. Во период на зреење и берби, не се применуваат хемиски мерки за заштита. По бербите, сè до есенскиот период, во насадот се дозволува третирање со хемиски средства. При употреба на хемиски средства за заштита треба строго да се води сметка за нивниот избор, количество, начин и време на употреба. Потребно е да се применува препорачаната доза на препаратот и строго да се почитува пропишаната каренца. Особено е важно (нешто што производителот често го занемарува) респектирање на стручни лица кои ќе помогнат за добивање повисоки и поквалитетни приноси.



*Антракноза на јагодите*



*Пепелница*



*Црно гниење на коренот*

**Повеќе информации заинтересираните производители на јагоди можат да прочитаат во брошурата "Јагода. Фактори на висока родност" чиј автор е д-р Ана Т. Селамовска. Брошурата е публикувана во 2009 година со финансиска помош од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ.**



# ПРИНОС И ДО 200 КИЛОГРАМИ ОД ДРВО

## НАЈДОБАР РОД И НАЈДОЛГ ВЕК НА ТРАЕЊЕ ИМААТ ЦРЕШИТЕ КАЛЕМЕНИ НА ГОРУПЛА (ДИВА ЦРЕША). ТАА ГО ДАВА РОДОТ ПО ЧЕТВРТАТА ГОДИНА. ЗА ДОБАР РОД ТРЕБА ДА СЕ КРОЈАТ ГОЛЕМИТЕ И ВИСОКИ ГРАНКИ ЗА ДА СЕ ФОРМИРА ДОБРА КРОШНА ЗА ПОЛЕСЕН ДОФАТ НА БЕРАЧИТЕ

Пишува: **Стојан Лазаров**

Павле Велинов од Штип е еден од најпознатите одгледувачи на цреши во градот. Тој има вкупно 35 садници, на површина од 2000 м2, кои ги одгледува во местото викано Суитлак. Ова место е познато по црешовите садници, затоа што конфигурацијата на теренот е благонаклонета за одгледување на цреши. Во неговиот овоштарник се застапени следните сорти: струмичка, охридска, марула и бела цреша. Садниците се на старост од околу 15 години. Од неговото искуство во одгледувањето цреши дознавме дека најдобри приноси и најдолг век на траење имаат црешите калемени на горупла (дива цреша). Најпрвин се засадува горуплата и по две години се калеми од питомо гранче цреша. Родот го дава по четвртата година. Приносот од една цреша може да достигне и до 200 килограми. За црешите нема организиран пласман, па затоа Велинов ги продава по пазарите во Штип и во други градови. Цената е варијабилна - на почетокот е повисока, до 80 денари, а подоцна паѓа и на 20-30 денари за килограм. „За добар род треба да се кројат големите и високи гранки за да се формира добра крошна за дофат на берачите. Кроењето се врши по бербата на плодовите. Во бербата сме вклучени сите членови на семејството, а понекогаш, кога дрвјата ќе имаат богат род, повикувам и сезонски работници", ни објасни Велинов.

Тој, исто така, ни кажа дека црешата не ја заштитува со хемиски пестициди бидејќи е отпорна на болестите што најчесто ги напаѓаат другите овошки. Понекогаш во неговиот овоштарник се населува гасеницата, но и неа не ја отстранува со пестициди, туку со рачно спречување. Најголемиот проблем во одгледувањето на црешата е токму во фазата на берба, а тоа е скапувањето, кое е причинето од ладно и дождливо време. Поради тоа, таа бара изложеност на многу сончеви денови во месеците април и мај.

Карактеристично за црешата е тоа што при бербата треба да се откине плодот заедно со рачката, затоа што така се овозможува долготрајност при транспортот. Освен што црешата се користи свежа за консумирање, семејството Велинови прават и вкусно слатко од бели цреши кои созреваат малку подоцна од црвените цреши.



*Најголем принос од диво калемените цреши*




# БАНКА ШТО ГО РАЗБИРА МОЈОТ БИЗНИС!

"Земјоделието е дејност која бара навремена, комплетна и индивидуална банкарска поддршка. Во ПроКредит Банка добив банкарство какво што навистина посакував.

Одберете и Вие подобро банкарство за Вашиот бизнис!"

## БИЗНИС ПАКЕТ ново!

За подобро банкарство, постојано на Ваша услуга:

02 / 2446 000

- 7,5% годишна камата за дозволено пречекорување на сметка
- кредитирање со намалени каматни стапки и намалена провизија при исплата
- рефинансирање на кредити без провизија при исплата
- електронско банкарство без месечен надомест
- поволности за Вашите вработени
- Visa Business Electron картичка

за претпријатија со годишен приход над 6 милиони денари

ProCredit Bank



# ШПАНСКА КОРИДА ВО ДРВОШ, СТРУМИЧКО

Пишува: Весна Деловска

ОВАА ГОДИНА ВО БОРБИТЕ УЧЕСТВУВАЛЕ 24 БИКА ВО СПЕЦИЈАЛНА АРЕНА (КАСКАДА) И ТОА СИТЕ ОД СЕЛОТО ДРВОШ КОЕ Е ПОЗНАТО ПО ОДГЛЕДУВАЊЕТО ГОВЕДА ЗА ТОВ И БОРБА

Зоран Атанасов е еден од организаторите и учесниците на традиционалната манифестација - борба на бикови која се одржува во село Дрвош, Струмичко. Овој настан почнал да се одржува во 1990 година и по пауза од осум години, овој месец повторно заживеа. Изминатите години практика било настанот да се одржува во последната недела од февруари, но оваа година датумот беше променет и се одржа на 6 мај, кога мештаните го слават и Ѓурѓовден, како празник на селото. Оваа манифестација, т.е. борбата со бикови, има забавен карактер, а нејзината цел е промоција и презентирање на биковите и говедата на фармерите за евентуална продажба. Станува збор за говеда за тов - буши, монтафонки, сименталки, како и говедо од сортата лимузин (сопственост на Зоран Атанасов) кое е единственото на овие простори, а е увезено од Данска. Оваа година во борбите учествувале 24 бика во специјална арена (каскада) и тоа сите од селото Дрвош кое е познато по одгледувањето говеда за тов и борба. Борбите се организирале во повеќе категории (3, 2, 1), а оваа година не бил избран победник поради рестартирање на целиот концепт. За следната година се најавува и натпреварувачки карактер на борбите со бикови. Дрвошани се горди на својата манифестација, која заради автентичноста и уникатноста на настанот, до лани имала огромна посетеност. Достигнувала и повеќе од 5.000 посетители од целиот регион. Оваа година таа бројка била преполовена бидејќи празникот се славел паралелно во дваесетина струмички села, но сепак тие се задоволни бидејќи имало претставници од Владата на РМ и МЗШВ, како и странски гости. Главен покровител на манифестацијата била општината Босилово, на којашто припаѓа селото Дрвош, како и повеќе индивидуални спонзори.





Вредноста на сточната храна по килограм преработена слама е иста како и на раноожнејаното сено

# Од слама до квалитетна сточна храна

Македонија има огромен неискористен извор на квалитетни остатоци од житни култури, како што се оризот, јачменот, овесот и пченицата. Денес, мал дел од тој извор се користи како слама, а.и во производството на печурки на остатокот се гледа како на проблем, па затоа или се запалува или се ора одоздола. Меѓутоа, повеќе од сто години се познати различни методи на преработка на сламата. Целта на методите е да се искористи постојниот извор и да се преработи сламата на начин кој го зголемува доброволното консумирање на сточната храна, како и нејзиното варење. Вредноста на сточната храна по килограм преработена слама е иста како и на раноожнејаното сено.

Методот што ќе го објасниме подолу е развиен во соработка со Одделот за животинска наука при Земјоделскиот универзитет во Норвешка и Факултетот за животински науки при Земјоделскиот универзитет „Ханој" во Виетнам.

Се препорачува да им се дава, слама до 30% од дневниот оброк како на високомлечните крави, така и оние за производство на говедско месо. Методот успешно помина во демонстрирачката фарма ЗОГ „Симентал" во Делчево.

**Преработка на слама за сточна храна**

Сувата слама од житните култури ориз, пченица, јачмен, 'рж и овес може да се преработи на таков начин што ќе стане полесно сварлива за преживарите.

За таа цел ви се потребни сечач на трици, или нешто слично, пластични вреќи, вар (CaO) – заради подобрување на квалитетот), уреа и вода. Обидете се да најдете големи и цврсти пластични вреќи (може повторно да се употребат). Мешавината за преработка се состои од 3% CaO, 2% уреа и 1 литар вода за 1 килограм слама. Преработената слама треба да отстои 4-5 недели во пластична вреќа. Овој метод не врши загадување. Тој е едноставен, евтин и се користи во многу земји:

- Се претпочита сува слама од јачмен, овес и ориз, наместо од пченица и 'рж;
- Пресечете/раскинете ја сламата на парчиња, најчесто се прави со сечач за трици;
- Измерете порции од по 40 кг (две бали), додајте 40 литри вода, 0,3% CaO (внимателно со водата, внимавајте на очите) и 0,2% уреа.
- Повторете ја процедурата сè додека не се наполни големата вреќа;
- Оставете ја вреќата да отстои 4-5 недели;
- Сламата сега е подготвена за преживарите.
- Важно е вреќите/контејнерите што се користат да бидат херметички и да се чуваат цврсто затворени во текот на периодот на третирање, за да се избегне несакана ферментација. Во текот на процесот заштитете си ги очите!

Готовиот производ ќе мириса на амонијак, поради уреата. Ова ќе се претвори во протеин за системот за варење на преживарите и на тој начин ќе ја направи квалитетна сточната храна.

| Цена на сувата оризова слама на фарма | | | |
|---|---|---|---|
| | Единица | Единица | Цена |
| | цена/ден. | кг | кг |
| Слободна слама на нива | 0 | | |
| Балирање | 53 | 15 | 3,5 |
| Утовар на камион | 8000 | 6000 | 1,3 |
| Работна сила/бала/15 кг | 8 | 15 | 0,5 |
| Вкупна цена на сламата | 8061 | | 5,4 |

Може да се појават варијации во цената.

| Цена на постапката | | | |
|---|---|---|---|
| | Единица | Единица | Цена |
| | цена | кг | кг |
| Слама | 540 | 100 | 5,4 |
| Вар | 40 | 100 | 0,4 |
| Уреа 46% | 150 | 100 | 1,5 |
| Вкупна цена/сува материја/кг | 730 | | 7,3 |



СЕМЕЈСТВОТО ТРАЈКОВИЌ ГОДИШНО, ВО ПРОСЕК, ПЛАСИРААТ ОСУМ ТОНА ПРАСИЊА И 25 ТОНА ТОВЕНИЦИ

Пишува: Македонка Балдазарска

# КАПАЦИТЕТ ЗА 50 МАТОРИЦИ И 350 ТОВЕНИЦИ

Во селото Татариновац, кое е лоцирано на осум километри од Старо Нагоричане, во атарот на Куманово, односно на 200 метри од македонско-српската граница, се наоѓа семејната свињарска фарма на браќата Трајковиќ. Помладиот, 36-годишен, Синиша и неговиот четири години постар брат, Љубиша, заедно со своите семејства живеат и работат на фармата. За разлика од многу млади брачни парови кои ги напуштаат селата, тие решиле да продолжат со она што го затекле и научиле од своите родители, одгледувањето прасиња. Тие и порано одгледувале по две до три свињи годишно, но како што се зголемувало семејството, се зголемувале и егзистенцијалните потреби. Така, од 2004 година поактивно се занимаваат со свињи за прасење, а во 2007 година се прошируваат и на одгледување товеници. Сега тие имаат можеби една од најсовремено опремените свињарски фарми, со капацитет за 50 свињи, маторици и 350 товеници годишно.

„Бидејќи немавме редовно вработување, решивме да инвестираме во домашен бизнис. Прво изградивме објект од стотина квадратни метри, па во 2007 година уште еден од 120 м² за товеници, а лани, за модернизација и адаптација за полесно одгледување на животните, го изградивме најсовремениот дел кој нѐ чинеше околу два милиона денари (30.000 евра)", раскажува помладиот од браќата Трајковиќ.

Новиот објект е околу 150 м². Изграден е според сите стандарди, со вентилација, со подно и инфрацрвено затоплување и поделен е на две одделенија. Прасилиштето има десет бокса со пластичен решеткаст под со поцинкувани вклештувачи и пластични прегради. Тука мајките престојуваат 28 дена,

СВИЊИТЕ СВОИТЕ МЛАДЕНЧИЊА ГИ НОСАТ 115 ДЕНА. ВО ПРОСЕК, ЕДНА СВИЊА МОЖЕ ДА СЕ ОПРАСИ 8 ДО 10 ПАТИ СО 11 ОДБИЕНИ ПРАСИЊА ПО ЛЕГЛО. ГИ ХРАНИМЕ СО „ЛИКРА" (ПРЕМИКСИ) ОД „АГРОСТАРТ" И КОНЦЕНТРАТ. КОНВЕРЗИЈАТА ЗА ТОВ Е 2,8 КГ ХРАНА ЗА 1 КГ ПРИРАСТ ЖИВА МЕРА. 30% ОД ИСХРАНАТА СЕ НАШИ ЖИТНИ КУЛТУРИ, А ОСТАТОКОТ ГО КУПУВАМЕ И ДОДАВАМЕ „ЛИКРА". ПРЕМИКСИТЕ СЕ ДОБРИ (БАРЕМ СПОРЕД ДОСЕГАШНОТО ИСКУСТВО). НО ФАКТ Е ДЕКА НЕ МОЖЕ САМО ХРАНАТА ДА ВЛИЈАЕ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ. ЗА ТОА ПРИДОНЕСУВА И ГЕНЕТИКАТА И НИЗА ДРУГИ ФАКТОРИ. СЕПАК, ПРЕМИКСИТЕ ОВОЗМОЖУВААТ ДОБРА КОНВЕРЗИЈА, ДОБРА МЛЕЧНОСТ НА МАТОРИЦИТЕ, ПРАСИЊАТА ПОБРЗО НАФРЛААТ КИЛОГРАМИ, ПОЗДРАВИ СЕ И ПОБРЗО РАСТАТ. РАЗЛИКИТЕ МОЖЕБИ СЕ ПЕТ ДЕНА, НО НА 800 ПРАСИЊА ЗАШТЕДУВАШ ЦЕЛ ТОН ХРАНА, ВЕЛИ СИНИША ТРАЈКОВИЌ.





*Прасињата за два месеца, од прасење до тов, достигнуваат 22 кг.*



*Фармата е со покривна панел-изолација, ПВЦ столарија, 8 см ѕидна изолација, стиропор... Штедиме на енергија, а температурата не варира, што е добро за здравјето на животните...*



*Во една сезона имаме околу 600 прасиња, и секој месец продаваме по триесетина. Товениците ги чуваме пет до шест месеци или додека достигнат до 100 кг. Немаме турнуси, бидејќи така е потешко да се реализира продажбата. Одиме етапно.*

на температура од 18 до 20 степени, додека прасињата цицаат. Потоа прасињата се префрлаат во другата просторија (Б-фаза), во којашто има осум бокса и каде што остануваат од одбивање до тов или продавање (еден месец) на температура до 24 степени. Опремата во фармата е од германската марка „Биг Дачман" и чини околу 1.200.000 денари, средства кои Трајковиќ ги обезбедиле од Програмата за рурален развој.

„Во иднина планираме да го реновираме стариот објект за одгледување на товеници и чекалиштето на мајките-свињи. Инаку, нив ги купуваме од Челопек, Тетовско, и од Берово. Свињите за прасење се од сортата „ландрас" и „јоркшир" и една чини околу 20.000 денари. Машките свињи крмнаци, пак, се од сортите „дурок" и „пиетрен". Сега имаме 48 мајки. Половина од прасињата ги продаваме, додека 300 до 400 товиме", вели Синиша Трајковиќ.

Според него, немаат детални пресметки, но сепак кажува дека оваа година е добра. „Продажната цена на прасињата се движи околу 150 денари, а на товениците од 80 до 100 денари. Оваа година, досега, продадовме околу 250 прасиња и во моментот имаме околу 70 спремни за продажба. Ги продаваме во неколку фирми и помали месарници во Куманово и во Гостивар. Продажбата е тешка, а наплатата никаква, за што многу придонесува и слободниот увоз на смрзнато свинско месо. Во лето и напролет повеќе се продаваат прасињата, а во зима товениците", објаснува Трајковиќ.

Инаку, семејството Трајковиќ чуваат и 80 овци и 25 сандаци со пчели.

# Календар за производство на матици




**Бои за одбележување на матицата по години**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2010 | сина | 2011 | бела | 2012 | жолта | 2013 | црвена |
| 2014 | зелена | 2015 | сина | 2016 | бела | 2017 | жолта |

## УПАТСТВО ЗА СОСТАВУВАЊЕ

**слика 1.** Се сече и потоа се лепи на картон.
**слика 2.** Се сече од основата и потоа се лепи на одделен картон.
**слика 3.** При употреба внатрешниот круг со вртење се мести на датумот на почеток на производството на матици.
Двете парчиња откако ќе се залепат на подебели одделни картони, се спојуваат со метална нитна.




Календарот е практична алатка за следење на производството на матици. На сликите е покажан начинот на неговото составување. Зелениот круг е календар на денови на еден месец, а под него е даден развојот на матицата по денови. Најпрво се сече целата правоаголна основа. Потоа се сече внатрешниот круг по испрекинатата линија. По сечењето двата одделни дела се лепат на посебни картони и двата дела се спојуваат со метална нитна со што календарот е комплетиран.

При употреба на календарот се става бројот еден на датумот на кој се почнува производството на матици со што може многу лесно да се следи развојот на матицата.

# Три до седум тона – органски мед



Пишува: Моника Талеска

## Располагаат со над 400 пчелни семејства, а половина од нивното годишно производство на мед е сертифицирано

Прилепчанката Олга Шишкоска (53) е амбициозна, одговорна, трудољубива, неуморна, жена желна за нови знаења. Токму затоа оваа вредна домаќинка решила да не ја живее тажната приказна на стечаен работник, па станала вреден пчелар, кој гордо го носи епитетот „најуспешна рурална жена во Прилепско".

Оваа жена решила да се посвети на производството на мед, бидејќи освен сопругот Ацо, во семејството никој не е вработен, па затоа се комплетно посветени на пчеларството.

Над 400 пчелни семејства ги распределиле на четири локации, во селата Небрегово, Стровија, Бело Поле и Сенокос.

Тие ги следат сите достигнувања на науката. Веќе две години се посветени на примена на сертификатот за органско производство, кој е услов за пласман на европските пазари.

„Оваа инвестиција нè чини три пати повеќе од конвенционалното производство на мед, матичен млеч, прополис и полен. Внимаваме целиот процес на производство да биде според европските стандарди, што значи да нема никаква примена на хемикалии. Производите треба да бидат еколошки чисти. Почнувајќи од локациите каде што се поставени пчелните семејства, преку средствата со кои се третираат пчелите во случај на болест, па завршувајќи со премачкувањето на сандаците со ленено масло – сè е според прописите за органско производство", вели Шишкоска. Половина од нивното годишно производство на мед, кое се движи од 3 до 7 тона, во зависност од временските услови, веќе е сертифицирано. За следните две години, сертификацијата треба да го опфати целото производство, така што Шишкоски ќе бидат единствените производители на еколошки чисти производи од кошница во Прилепско.

„Искуството, секако, има големо влијание за добивање квалитетно производство на мед, но мора да се следат достигнувањата. Само колку трпеливост и време треба за да се избере една млада матица меѓу 100.000 пчели. Но, кога се знае дека од матицата зависи количеството на произведен мед, секако дека ништо не е тешко. Па, на сите колеги кои сега започнуваат свој бизнис или оние кои имаат намера во иднина професионално да се занимаваат со пчеларство, им препорачувам да чуваат само јаки пчелни семејства. Исто така, редовно да ги менуваат и да избираат само млади матици. Тоа, накусо, е рецептот за успех во нашиот бизнис", раскажува Шишкоска.

Таа, сепак, го истакнува проблемот со недостиг на пласман и увоз на неконтролирани производи. Но, доколку пчеларите преминат кон органско производство, а државата обезбеди организиран пласман и ги врати субвенциите од 1.000 денари по семејство, според Шишкоска, пчеларството може да биде доходен бизнис за многу семејства во државата.

Се за пчеларството
НЕКТАРКООП Куманово овластен дистрибутер на:
- Минели -Крагуевац
- Ролопласт - Крагуевац
- Златана пчела - Крагуевац
- Технопласт - Крагуевац
- Ивањич - Стара Пазоваj
- Јупитер
- Златна пчела Бих





- Центрифуги, амбалажа
- Пчеларски капи, блузони
- Препарати, матични решетки
- Рег. на лето, рамки, кошници, нуклеуси
- Погача со полен
- Шеќерна погача
- Био-погача
- Откуп на суров восок
- Продажба на сатни основи

тел: 031 428 737, 031 413 059 , 070 313 825
ул.Драган Стопаровиќ бр.16 Куманово





*Шишкоски целосно посветено на пчеларењето*

Floraskop SKOPJE


Magnolia grandiflora

# Туите и зимзелента магнолија - водопии

Меѓу најзастапените украсни растенија во дворните градини, кои сакаат обилно наводнување, треба да ги спомeнеме и хортензиите, рододендроните, божурите

Пишува: Биљана Михајловска

Правилното полевање на растенијата, особено во пролетните и летните месеци, кога вегетацијата е во полн ек, е од суштинско значење за одржување на градините. Затоа при проекција на една градина треба добро да размислиме кое растение каде ќе го посадиме. Доколку се работи за помали садници, потребата за вода, секако, ќе биде поголема бидејќи коренот не е добро оформен и растенијата не можат да влечат вода од подлабоките слоеви на почвата. Во последните години во нашите дворови е тренд да се садат зимзелени растенија од видовите на туја (thuja ocidentalis smaragd ili thuja orientalis aurea nana), хамаципарис (chamaecyparis lowsoniana columnaris, elwoodii и сл.). Нивното наводнување треба да биде обилно, а многу битно е и оросувањето на иглата. Затоа треба рано наутро добро да ги истушираме. Уште еден голем консумент на водата е и зимзелената магнолија (magnolia grandiflora galoniensis) која ја нарекуваат и „водопија". Меѓу најзастапените украсни растенија во дворните градини, кои исто така сакаат обилно наводнување, треба да ги спомeнеме и хортензиите, рододендроните, божурите (hydrangea, rhododendron peonia). За разлика од нив, сукулентите (седум, семпервивум и сл.), кои најчесто ги садиме во алпиниумите, не бараат многу вода, па дури може и да угинат ако ги наводнуваме прemногу или ако почвата нема добро дренирање.

Доколку, пак, сакате вашиот двор да добие медитерански изглед, палмите како што се cikas revolute, fenix canariens buttia и сл.) ги вадиме надвор. Нивното наводнување не е обилно во почвата, но затоа пак туширањето на листовите е приоритет бидејќи тие бараат воздушна влага, т.е. ја земаат водата преку листот. Знаејќи дека секое растение има различна потреба за вода која со рачно полевање тешко се постигнува, најдобрата варијанта за полевање на дворните градини е системот за автоматско полевање кој не бара многу, а дава најдобри резултати - потребното количество на вода во вистинското време. Инаку, најдоброто време за наводнување во летните месеци е утринското наводнување. Наводнувањето во вечерните часови е полошо, бидејќи листовите остануваат влажни, што е добра подлога за развивање на габични заболувања.

За наводнување на поединечни стебла, цветни гредици и незатревени површини најдобро е аплицирање на водата директно со системот „капка по капка". Најдобро е да се врши апликација на помали количества вода во подолг период бидејќи губењето вода со евапотранспирацијата е најмало, а се спречува и појако наводнување на плевелот.

Денес постојат многу фирми кои се занимаваат со производство и поставување на системите за наводнување, меѓу кои се: „Хантер Торо" (Хунтер Торо) и „Реин брд" (Раин бирд).

За помало испарување на водата од почвата треба да се стави слој на мулч кој, исто така, спречува и претерана појава на плевелот, а влијае и на стабилноста на температурата на почвата. Како мулч може да послужат кори од дрво, вулкански камења, па дури и компост, но никако фолија бидејќи растенијата треба да дишат.

Наводнувањето со автоматските системи најчесто се однесува на поголеми површини, т.е. градини и дворови. Растенијата на терасите обично се полеваат рачно, но и тука некогаш може да се користи систем „капка по капка". Најчесто во жардиниерите садиме летен расад кој, ако правилно се негува и наводнува, ќе нѐ дарува со обилен цвет. Од сезонскиот расад, доколку терасата нема доволно сонце, го препорачуваме импатиенсот, кај народот познат како воденка. Самото име ја означува големата потреба за вода, па е препорачливо во големите горештини да се наводнува и два пати дневно (наутро и навечер). И останатите видови сезонски расади треба обилно да се наводнуваат, барем еднаш дневно.

**Еколошки типови на растенија:**

- Растенија кои живеат во вода - хидрофити
- Сувоземни растенија
- Хигрофити - растенија што сакаат влажни живеалишта
- Ксерофити - растенија што поднесуваат суви живеалишта
- Мезофити - растенија што се помеѓу хигро и ксерофитите


sempreviνum


chamaecyparis lowsoniana

# Од растителни остатоци до зрел хумус

Пишува: Академик д-р Стеван Бошњак



Биофертилизација е внесување на живи микроорганизми во земјата, односно микробиолошко ѓубрење со цел да се подобри снабдувањето на растенијата со хранливи материи. Микробиолошките ѓубрива се концентрати од корисни спорогени асимбиотски бактерии кои живеат покрај влакната на кореновиот систем, а се хранат со материите што ги лачат растенијата.

На овој начин може да се подобри снабдувањето на растенијата со азот, фосфор, калиум, како и да се стимулира растот на коренот. Со внесувањето на овие бактерии во ризосферата на растенијата се забрзуваат процесите на трансформација на органските материи и растенијата се снабдуваат со потребните хранливи материи.

Во што е тајната на дејствувањето на микробиолошките ѓубрива? Тоа е чиста микробиолошка наука која во епицентарот го става системот на кружење на материите во природата кој го поттикнува создавањето на зрел хумус во земјиштето. Во спонтаната природна заедница природата го избалансирала сето тоа, меѓутоа во организираната агробоиценоза, каде што се сеат културни растенија, тој синџир се прекинува. Микробиолошките процеси му овозможуваат на земјиштето минерализација на сложените органски материи, сè до достапни растителни асимилативи, па врз основа на микробиолошката активност може да се врши проценка на плодноста на земјиштето. Исхраната на растенијата е во директна врска со активностите на микроорганизмите во земјиштето.

Затоа никогаш не треба да се горат растителните остатоци. Со горењето не само што се уништува површинската микрофлора, туку се губи и комплетната количина на целулоза и лигнин кои се незаменлива состојка на зрелиот хумус, а ќе останат само 2% хранливи елементи кои во случајов се занемарливи. Растителните остатоци и хумусот се незаменлива подлога за развој на корисните микроорганизми.

Микробиолошките ѓубрива се создадени така што со нив можат да се ѓубрат површини со органско и класично производство. Тие не го загадуваат земјиштето. Тоа се природни супстанции кои не само што ја заменуваат минералната исхрана, туку и позитивно влијаат на дезинфекција на земјиштето и намалување на штетниците и инсектите. Дезинфекција вршат на тој начин што со зголемената доза на микробиолошко ѓубриво се населува флора бактерии, кои со брзо размножување го одземаат просторот за развој на други патогени бактерии, а со материите што ги излачуваат ги уништуваат штетните вируси. Штетниците и инсектите ги уништуваат на тој начин што со брзото распаѓање на органските материи кои се наоѓаат во земјиштето ја уништуваат природната средина во којашто живеат и се размножуваат. Стопанисувањето на органските материи, било тоа да е арско ѓубриво или растителни или животински остатоци, е процес со кој постепено ќе се зголемува зрелиот хумус, а со тоа и плодноста на земјиштето. Микробиолошките ѓубрива даваат одлична можност за сето ова.

Микроорганизми кои најчесто влегуваат во состав на микробиолошките ѓубрива се:

Azotobakter vinelandii е слободен азотофиксатор кој го фиксира азотот од воздухот и ги провоцира материите за растење (ауксини, гибералини).

Bacillus megaterium учествува во трансформацијата на фосфорот, ги поттикнува материите за растење и витамин Б12. Значително влијае на ослободување на амонијакот од белковините како што се: албумини, пептони, пептиди и аминокиселини. Арското ѓубриво, растителните и животинските остатоци ги разложува до зрел хумус кој е основа за плодна земја.

Bacillus subtilis ги разложува сложените јаглехидрати (скроб).

Bacillus cirkulans ја продуцира јаглеродната киселина и помага во ослободување на калиумот од алумосиликатот.

Pseudomanas flurescens дејствува на истиот начин како Bacillus megaterium, а најважната улога ја има во процесите на асимилационата денитрификација. Тогаш ги користи нитратите како асимилативи и ги трансформира во амонијачен облик кој понатаму се вклучува во биосинтезата на аминокиселините, така што не доаѓа до губење на азотот од земјата во воздухот. Во сите останати случаи со синтетичко додавање на азот (минерално ѓубриво, уреа) доаѓа до дисимилациона денитрификација каде што денитрификаторите го одземаат кислородот од NO3 обликот и азотот се губи односно преминува во воздухот.

Azospirilum brasilense и Azospirilum liptoferum се, исто така, слободни азотофиксатори.

Bacillus polumiksa дејствува на истиот принцип како bacillus subtillis.



# Приклучната механизација -десна рака на нивите

**Најпрво направил машина за садење компири, па конструирал машина за садење лубеници, потоа направил депозитер за фрлање ѓубре, тробразден плуг, еднобразден плуг, климнери, машина за ронење пченка, културатори, брана, машина за нижење тутун**

Пишува: Марија Котевска

Младиот земјоделец Панде Дамчески (25) од битолското село Оптичари има необична дарба за креирање и правење земјоделски машини. Тој се занимава со полјоделство и поседува 10 хектари земја од која половина е под пченка, а другата половина под пченица. Меѓутоа, Дамчевски уште од мал започнал да прави минијатурни дела како што се бродови, скали кои ги ставал во шишиња како украси. Љубовта кон правењето механизација произлегла од неговиот татко, кој му помагал во работата, но и му купил опрема што му била потребна за полесно да работи. Од пред пет години поактивно се посветил на правењето машини за помош и олеснување на земјоделските работи.

Прва приклучна механизација што ја направил била машина за садење компири. Ваквата машина ја видел од фирма која продава механизација и се обидел да ја копира. Втората машина што ја конструирал била машината за садење лубеници. Потоа направил депозитер за фрлање ѓубре, тробразден плуг, еднобразден плуг, климнери, машина за ронење пченка, културатори, брана, машина за нижење тутун. При изработката на приклучна механизација, тој ја менува и приспособува машината за подобро да работи. Тоа значи дека користи и инвентивност и креативност во работењето. На ваков начин заштедува и пари. Идеите за правење на механизација ги добива гледајќи вакви машини на разни саеми каде што може да види и да собере потребни информации. Користи и литература, како и интернет.

Својата креативност за правење механизација Дамчевски ја реализира во работилницата веднаш до куќата во којашто живее. Најактивно се посветува на правењето механизација во зима, од октомври до



февруари, кога има и најмногу слободно време. Како алат за работа користи: столна бор-машина, столна брусилка, рачна брусилка, рачна бормашина, менгеме, апарат за заварување и друг поситен алат. Алатот го купува во Македонија и во Германија. Материјалите за подготовка на механизацијата ги купува од фирми кои продаваат железарија.

Се случува дел од приклучната механизација да ја продаде, како што се: јапонер, машина за нижење тутун, климнер, двонаменски култиватор/грлач. Некогаш се случува да добие порачка од некого и да го направи она што купувачот го бара, но неговиот мајсторлак сè уште не е на ниво на бизнис.

Во иднина планира да направи комбајн, како и машина за садење пченка и размислува правењето механизација да му стане бизнис.











## СЕКОЈ ДОБИВА

За секоја годишна претплата на списанието **Моја Земја** во износ од 550 денари добивате подарок:

| 12 списанија за 2010 година | | ПТТ Трошоци за достава на домашна адреса | | Подарок батериска ламба со 7 ЛЕД диоди | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
|  | + |  | + |  | = | 550 денари |

| Регионален центар Битола | Регионален Центар Кочани | Регионален центар Струмица | Регионален Центар Гостивар |
|---|---|---|---|
| ул.Јосиф Јосифовски бр.29 | ул.29 Ноември 66 | ул.Васил Сурчев бр.17 | ул.Беличица 65 (ИКЛ Горни полог) |
| во близина на Главната пошта | во близина на Автобуската станица | Тел: 034 340 425 | Тел: 042 218 157 |
| Тел: 047 225 635 | Тел: 033 276 475 | | |


НОВО



СО ЦЕЛ ДА СЕ ПОМОГНЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ДВИЖЕЊЕ ВО Р.М.

ФФРМ Медија

**ФФРМ МЕДИЈА ИЗДАВА БРЕНДИРАНИ МАИЦИ И КАБАНИЦИ КОИ УКАЖУВААТ НА ЗНАЧЕЊЕТО НА АГРАРОТ ВО НАШАТА ДРЖАВА И СВЕТОТ.**

БРЕНДИРАНИТЕ ПРОИЗВОДИ СЕ СО СИМБОЛИЧНИ ЦЕНИ:



**МАИЦА-250ден | КАБАНИЦА-450ден**








# Машини за заорување на сламата

Пишува: Проф. д-р Драги Таневски, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје

Без разлика дали се работи за помала или поголема стручна подготовка, основната обработка на почвата и секое заорување на стрништето значително влијаат врз промената на сите параметри во екосистемот на почвата. Најважниот појдовен услов за најдобро искористување на жетвените остатоци (сламата) се одредува при самата жетва со комбајните каде што на површината треба да се остави што пократка и добро распоредена исечкана слама. Истото тоа се однесува и на останатиот дел од масата која паѓа од ситата на житниот комбајн, плева, краткоотсечена слама и семе од плевелите. Рамномерното распоредување на сламата може да се постигне со помош на дискови со слободно нишање или ножеви што работат на хидрауличен погон, коишто без проблем може да се монтираат на задниот дел од комбајнот. Инкорпорирањето на жетвените остатоци во почвата треба да се изврши во што пократок рок по самата жетва, а овој процес за почвата е исто толку важен како и добрата претсеидбена подготовка. Со еднообразното расфрлање на сламата и на другите жетвени остатоци и со нивно добро ситнење се подобрува механичката структура на ораничниот слој, при што може да се очекува намалување на загубата со испарувањето. Брзото и широкото инкорпорирање на жетвените остатоци е важно и поради воспоставувањето на микробното гниење и анаеробното разгранување на сламата.



*Уред за сечкање на слама кај житен комбајн*

За заорување на стрништето на помалите и средните земјоделски претпријатија обично се употребува троредeн или четириреден култиватор. Со ваква опрема може да се појават тешкотии кога има поголемо количество слама, но и во тој случај може да се работи без проблеми ако рамката на култиваторот е на висина од 70 цм, а растојанието меѓу мотичките 60 до 70 цм. Ако ваков култиватор се комбинира со дискови, резултатот ќе биде уште подобар. Со ваква комбинација се порамнуваат браздите зад мотичките од култиваторот. Оваа комбинација може да се прошири со додавање на кримлер-валјаци, коишто претставуваат носачи и стабилизатори на целата комбинација. Ваквата комбинација потполно ги задоволува поставените барања за оптимално инкорпорирање на жетвените остатоци во почвата. Како и секогаш, постојат и недостатоци, а тоа е малата површинска продуктивност.

На тешкоглинестите почви најдобро се покажале дисковите култиватори со дијаметар од 60 до 70 цм и лопатестите кримлери, бидејќи сламата добро ја внесуваат во почвата, при што не покажуваат знаци на брзо изгнивање. Машините треба да имаат голема работна маса и тоа од 80 до 100 кг по диск или треба дополнително да се оптоваруваат.



*Дисков култиватор за инкорпорирање на сламата*

На крајот може да се заклучи следното: Инкорпорирањето на жетвените остатоци во почвата почнува со расфрлање на иситнетата маса. За внесување на сламата во почвата потребно е да се одберат машини што најдобро ќе одговараат на поставените барања, така што оваа органска маса би се внела што похомогено во почвата (најдобро е во горниот шупликав ораничен слој). Дисковите култиватори и лопатестите кримлер-валјаци во комбинација со култиватор и со други приклучни машини доволно ја мешаат почвата. Начинот на инкорпорирањето на органските остатоци значително влијае на екосистемот на почвата.

*Комбиниран агрегат за инкорпорирање на сламата*



# Тракторски косилки со 120 кубни сантиметри зафатнина

Пишува: Тони Јовановски

## Дополнително можат да се монтираат и даска за снег, приколка, аератор



За тревникот, расадникот, пластениците, овошните и лозовите насади...

Адекватноста на тракторските косилки за поширока примена се должи на работната зафатнина која изнесува до 120 кубни сантиметри.

Со бензински мотори од 12 до 22 коњски сили, капацитет на корпа до 320 литри, ергономско седиште, халогенско светло итн. се истакнуваат како машини со кои се работи со задоволство.

Благодарение на додатоците кои можат да се монтираат дополнително, како што се даска за снег, приколка, аератор... само уште еднаш се потврдува фактот за нивната широка примена.

Зависно од категоријата, цената се движи од 123.000 до 200.000 денари со пресметан ДДВ од 18%.






Ако мислевте дека John Deere перформансите се само за големи трактори, со задоволство ќе откриете дека го вградивме целото наше инжинерско искуство во креирањето на новата 5E серија на трактори.

Посетете го вашиот John Deere дилер, денес.

JOHN DEERE



Сите 5E модели се компатибилни со John Deere предни утоварачи.

sinpeks

**СИНПЕКС ДОО**
Битола, Грчки пат 6б
Тел: 047/208-500 Фах: 047/208-515

www.JohnDeereInternational.com

SECURICOM® KÄRCHER

SERVICE IS OUR CHALLENGE



- Задоволете ги стандардите за хигиена кои ги поставуваат системите за квалитет и безбедност при производството на прехранбени производи
- Заштедете време и трошоци со користењето на економични и ефикасни машини за чистење
- Олеснете си ја работата и постигнете беспрекорни резултати во справувањето со големи количини на нечистотија

Kärcher е реномиран германски производител на професионални машини за чистење со широка примена во земјоделството и на фармите. Овие машини се одликуваат со висок квалитет, трајност и практичен дизајн.

Информирајте се за нашата палета на производи и за приборот кој ќе го поедностави процесот на производство и одржување на надворешните површини, производствените објекти или возилата.

**Овластен увозник за Македонија:** SECURICOM



Машина за метење



Машина за чистење со висок притисок со ладна вода



Машина за чистење со висок притисок со топла вода



Смукалка за суво и мокро смукање

**СЕКЈУРИКОМ**
**МУЛТИСЕРВИС ИНТЕРНАЦИОНАЛ Д.О.О.**
Васил Ѓоргов бр.11
1000 Скопје; Македонија
тел: 02 3297 520; факс: 02 3297 530

email: contact@securicom.com.mk
www.securicom.com.mk



# Седум македонски компании учествуваа на „Фрут Логистика"

Туран, Алтра, Виви Пром, Агрохемија, Баџо, Авто Риа и Антарес се македонските компании кои ги изложија своите производи на национален штанд на „Фрут Логистика". Во партнерство со Швајцарската програма за унапредување на увозот ОСЕЦ (Osec /SIPPO) и програмата АгБиз на УСАИД во Македонија, на македонските компании им беше овозможено да воспостават нови, да ги зајакнат постојните деловни контакти и да ги подобрат можностите за зголемување на извозот на македонските прехранбени производи.

Тридневниот настан на излагачите им овозможи одлична основа за воспоставување деловни зделки, можности за создавање на директни контакти за правење бизнис низ целиот свет и единствена можност да се добие комплетен преглед на последните трендови во бизнисот поврзан со свежите земјоделски производи. Опсегот на производите изложени на „Фрут Логистика" вклучуваше свежо овошје и зеленчук, сушено овошје, ореви, зачини, органски производи, цвеќиња и растенија. Покрај можноста за излагање, АгБиз клиентите беа во можност да учествуваат на неколку трговски форуми организирани за време на саемот, а се однесуваа на маркетинг за свежо овошје и зеленчук. Како резултат на успешната презентација, беа воспоставени 420 нови контакти со потенцијални купувачи, производувачи, шпедитори и продавачи на големо, а подоцна се потпишаа и нарачки за извоз на македонски свежи земјоделски производи во вредност од 4,4 милиони евра, со вкупно 98 купувачи од цела Европа.

Не помалку важни се искуствата стекнати за време на саемот, како што се најновите „know-how" технологии и практики за пакување, сортирање на свежото овошје и зеленчук по берба, кои доколку се применат, значајно ќе ја подобрат продуктивноста на фирмите од агробизнисот.

Ова е втора година за македонските производувачи на свежо овошје и зеленчук да изложуваат на „Фрут Логистика". Успешното учество на седумте македонски компании од минатата година резултираше со повеќе од 529.000 евра во непосредна продажба и претставуваше одлична можност за воспоставување на нови односи меѓу клиентите.

Оваа година клиентите на АгБиз постигнаа уште поголеми успеси во споредба со минатата година. Исклучителниот изглед на штандот, неговата добра позиција, како и висококвалитетните производи кои беа изложени беа клучните фактори за одличното претставување на македонските производи и за резултатите што се постигнаа подоцна.

# Меѓународен саем за земјоделство во Нови Сад

Во месец мај во Нови Сад се одржа 77-от Меѓународен саем за земјоделство на кој присуствуваа 1.300 учесници од 20 земји. Посетителите имаа можност да видат колективни изложби на земјите од поранешна Југославија, изложби на опрема за сточарство, амбалажи,храна и пијалаци. За прв пат овој саем има и земја партнер, Унгарија, од каде што 100 компании ги претставија своите производи.









Пишува: Агрон Халими

## Србија – најголем увозник на македонски домати

Извозот на домати од Македонија во периодот од 2005 до 2008 година е зголемен од 14,9 милиони УСД на 33 милиони УСД, што претставува зголемување за 121 отсто. Главниот и традиционален извозен партнер останува Србија (вклучувајќи го и Косово), со 16,2 милиони УСД, што претставува 65 отсто од вкупниот извоз, додека другите земји во кои најмногу се извезуват македонските домати се Бугарија со 13%, Хрватска со 6%, Босна и Херцеговина со 4% од вкупниот извоз во 2009 година, како и Грција, Црна Гора, Словенија, Романија, Русија и Албанија со помали износи коишто флуктуираат од година во година.




Податоците се преземени од UNCOMTRADE.

## Извозот на земјоделски и прехранбени производи од Србија зголемен за 19,4 отсто

Според податоците од Центарот за истражување на Стопанската комора на Србија, вредноста на извозот на земјоделски производи и прехранбени производи од Србија во првите три месеци е 416 милиони УСД, што претставува зголемување за 19,4 отсто во споредба со минатата година. Добрите резултати се постигнати поради поволните услови од преференцијалниот статус во европскиот пазар и либерализацијата на размената со земјите од западен Балкан (ЦЕФТА). Според податоците од државната канцеларија за статистика на Србија, извозот на земјоделските и други прехранбени производи во првите три месеци од 2010 година зазема 20,6% од вкупниот извоз, додека вредноста на увозот е 237,1 милиони УСД или за 9,7 поголем отколку извозот во истиот период од минатата година, со 6,3% учество во вкупниот увоз. Суфицитот во трговската размена на гореспоменатите производи во овој период е 179,4 милиони УСД.

*www.agropress.rs*

## Пазарни информации за Полска

**Пораст на цената на краставиците** – Во првата половина од мај, цената на краставиците пак се покачи поради недоволната понуда и сè уште големата побарувачка. Цената на долгите краставици изнесуваше од 1,12 до 1,37 евра/кг, додека порастот на цената на кратките краставици беше уште поголем и изнесуваше од 1,25 до 1,50 евра/кг. **Пад на цената на раната зелка** – Побарувачката на бела зелка е сè уште голема – во првата половина од мај нејзината цена достигна дури до 0,36 евра/кг. Во меѓу време цената на младата бела зелка опаѓа, но опаѓачкиот тренд не е многу силен, а причина за тоа е лошото време. До средината на мај цената на младата зелка се сниже за 0,12 - 0,24 евра/парче. **Пад на цената на увезената пиперка** – На пиперката од домашно производство во Полска сè уште се чека, додека во моментот на пазарот може да се најде само увезена пиперка. Цената на увезената пиперка континуирано опаѓа, па во првата половина на мај на големопродажните пазари во Бронитце цената на увезената пиперка од Холандија изнесуваше 2,98 евра/кг.

*www.fresh-market.pl*

## Русија – перспективен потрошувачки пазар

Русија како потрошувачки пазар нуди се поголеми можности за овошјето и зеленчукот од Холандија. Увозот на многу видови овошје и зеленчук се зголемува така што домашното производство набрзо нема да биде доволно за да ја задоволи побарувачката од Русија. Истовремено купувачката моќ ќе се зголеми од оваа година и супермаркетите ќе претставуваат важна улога во продажбата на овошје и зеленчук во Русија. Оваа се прогнозите на истражувачката агенција „Марктмонитор овошје и зеленчук" од Русија. Увозот на овошје и зеленчук во Русија е зголемен за 60 отсто во последните пет години. Зголемувањето на увозот е најзабележително кај доматите, пиперките и краставиците. До 2008 година кромидот беше најувезуваниот зеленчук, но од 2008 година, на прво место се доматите. Холандија е шеста по ред земја од која Русија најмногу увезува домати со 5 отсто од вкупниот увоз, додека заедно со Израел се најважните извозници на пиперки во Русија.

*www.tuinbouw.nl*

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
AgBiz Program
Мислењата изразени во регионалниот пазарен информатор не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за Меѓународен Развој или на Владата на Соединетите Американски држави.
ФФРМ Медија

## Шпанија – најголем извозник на пиперки во Европа

Шпанија останува да биде најголемиот извозник на пиперки во Европа, додека Холандија е број два според остварениот профит. Извозот на пиперки од Холандија (вклучувајќи го и реизвозот) покажува тренд на растење во периодот од 2000 до 2009 година. На германскиот пазар, холандските извозници им ја презедоа работата на шпанските, така што во последните четири години Германија има увезено повеќе пиперки од Холандија (вклучувајќи го и реизвозот), отколку од Шпанија. Во моментот снабдувањето со пиперки од Шпанија е релативно слабо. Култивираните пиперки за извоз во Алмерија се скоро потрошени додека во Мурчија производството оваа година е околу 15-20% намалено во споредба со минатата година. Како резултат на малата понуда на пиперки цените на овој зеленчук се високи.

*www.freshplaza.com*

## Хрватското вино и во Кина

Хрватското вино е ретко видено надвор од Хрватска. Но, отсега ќе можете да го видите и во Кина! За Британците не е далеку да отидат до Хрватска за да ги пробаат извонредните вина на хрватските производители на вино, но со потегот на хрватските производители Фрањо Толјаниќ и Мирјана Зеленика, во хрватската дистрибуција на вино може да се види некој напредок. Овие производители имаат долготраен договор за извоз на нивното вино на кинескиот пазар. Според дневниот весник „Нови лист", Толјаниќ и Зеленика ќе извезуваат вино во кинескиот град Гулин, каде што планираат да отворат заедничко претставништво. Толјаниќ изјави за весникот „Нови лист: „Ние веруваме дека можеме да направиме добра работа на кинескиот пазар, и тоа не само затоа што нашите вина се со добар квалитет, туку исто така затоа што на овој пазар има недостиг на вино, и тоа особено на бело вино". Мора да се напомене дека Велика Британија има широка палета на добропознати и популарни брендови во продажба, така што стратегијата на овие производители на вино од Хрватска за влез на кинескиот пазар има смисла. Винаријата на семејството Зеленика, „Извор на живот", во Илок, источниот дел на Хрватска и винарската визба на семејството Толјаниќ, „Госпоѓа" во Врбник, на островот Крк, се добропознати производители на вино во Хрватска. Зеленика и Толјаниќ планираат да го извезат своето вино во ограничена серија (лимитед едитион). Првите вина кои ќе бидат испратени во Кина ќе бидат квалитетните суви вина „Злахтина" и нивните пенливи вина.

*www.guide2croatia.net*

**Големопродажни цени во Софија во мај 2010 (во левови)**

| Производ | Потекло | Цена |
|---|---|---|
| Домат | Домашно / Турција | 1,50/1,17 |
| Пиперка (зелени) | Турција | 2,60 |
| Пиперка (бабури) | Турција | 6,00 |
| Краставици | Домашно / Македонија | 1,30/1,17 |
| Зелка | Домашно / Македонија | 0,65/0,50 |
| „Златен делишес" | Италија | 1,43 |
| „Црвен делишес" | Италија | 1,43 |

1 евро - 1,95 лев
Извор: *www.ams.usda.gov*

**Големопродажни цени во Хрватска во мај 2010 (во куни)**

| Производи | Осијек | Сплит | Загреб |
|---|---|---|---|
| Домат | 12,17 | 13,33 | 12,25 |
| Пиперка | 16,50 | | 16,50 |
| Пиперка (бабура) | 19,67 | 21,67 | 24,00 |
| Краставици | 9,00 | 10,33 | 7,25 |
| Зелка | 4,93 | 3,33 | 5,00 |
| Печурки | 21,33 | 22,00 | 17,50 |
| Јаболко „ајдарет" | 3,37 | 5,17 | 4,25 |
| Јаболко „јонаголд" | 4,50 | 5,83 | 4,25 |
| Јаболко „златен делишес" | 5,00 | 5,67 | 4,75 |
| Грозје | 21,33 | 20,00 | 22,00 |

1 евро - 7,25 куни
*Извор: www.tisup.mps.hr*

**Големопродажни цени во Србија во мај 2010 (во динари)**

| Производ | Белград | Нови Сад |
|---|---|---|
| Домат | 150 | 150 |
| Пиперка | 350 | 350 |
| Пиперка (бабура) | 400 | 350 |
| Краставици | 90 | 80 |
| Зелка | 50 | 50 |
| Јаболко „ајдарет" | 50 | 45 |
| Јаболко „црвен делишес" | 70 | 70 |
| Јаболко „златен делишес" | 70 | 60 |

1 евро - 100,3 динари
*Извор: www.stips.minpolj.rs.gov.yu*

| Продажни цени во Косово во мај 2010 (во евра) | | | |
|---|---|---|---|
| Производ | Приштина | Урошевац | Пеќ |
| Јаболко | 0,22 | 0,60 | 0,50 |
| Грозје | 1,72 | | 2,00 |
| Домат | 1,04 | 0,85 | 0,95 |
| Пиперка | 0,85 | 0,85 | 0,95 |
| Зелка | 0,21 | 0,22 | 0,57 |
| Краставици | 0,50 | 0,25 | 0,55 |

*Извор: www.food-ks.org*

| Продажни цени во Албанија во мај 2010 (во леки) | | | |
|---|---|---|---|
| Производ | Тирана | Фиер | Корча |
| Јаболко „ајдарет" | 55 | 44 | 39 |
| „Златен делишес" | 71 | 105 | 62 |
| Домат | 78 | 80 | 64 |
| Пиперка (зелена) | 138 | 140 | 136 |
| Зелка | 31 | 32 | 31 |
| Краставици | 33 | 33 | 26 |

1 евро - 134,3 леки

*Извор: www.kash.org.al*

| Големопродажни цени за мај во РМ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Производ | Класа | Мин. | Макс. | Најзаст |
| Домати | Прва | 40 | 45 | 43 |
| | Втора | | | |
| Краставица | | 20 | 40 | 25 |
| Бел Пипер | | 80 | 90 | 85 |
| Компир | | 13 | 18 | 18 |
| Зелка | | 10 | 15 | 10 |
| Кромид | | 20 | 35 | 25 |
| Грав | | 80 | 100 | 90 |
| Круши | | 50 | 70 | 70 |
| Јаболко | | 10 | 15 | 10 |
| Јагоди | | 40 | 50 | 40 |
| Портокал | | 25 | 30 | 25 |
| Лимон | | 35 | 40 | 35 |
| Банана | | 35 | 40 | 35 |

| Малопродажни цени за мај во РМ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Производ | Класа | Мин. | Макс. | Најзаст |
| Домати | Прва | 58 | 78 | 69 |
| | Втора | | | |
| Краставици | | 31 | 60 | 40 |
| Бел Пипер | | 95 | 107 | 102 |
| Компир | | 15 | 21 | 21 |
| Зелка | | 20 | 30 | 24 |
| Кромид | | 40 | 55 | 45 |
| Грав | | 95 | 130 | 110 |
| Круши | | 105 | 120 | 110 |
| Цреши | | 100 | 110 | 100 |
| Јагоди | | 85 | 120 | 100 |
| Портокал | | 35 | 50 | 45 |
| Лимон | | 55 | 65 | 60 |
| Банана | | 50 | 60 | 50 |

| Големопродажни цени во Подгорица во мај 2010 (во евра) | | | |
|---|---|---|---|
| Производ | Мин | Макс | Просек |
| Јаболко „ајдарет" | 0,40 | 0,48 | 0,44 |
| Јаболко „златен делишес" | 0,58 | 0,63 | 0,61 |
| Јаболко „црвен делишес" | 0,65 | 0,70 | 0,68 |
| Трпезно грозје | 2,90 | 2,90 | 2,90 |
| Домат | 1,50 | 1,55 | 1,53 |
| Пиперка | 1,90 | 1,90 | 1,90 |
| Пиперка (бабура) | 2,75 | 2,75 | 2,75 |
| Зелка | 0,30 | 0,40 | 0,35 |
| Краставици | 0,72 | 0,75 | 0,74 |

*Извор: www.amiscg.org*

| Цени од добиточните пазари за мај во РМ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Категорија | | Сточни пазари | | | Забеле. |
| | | Скопје | Прилеп | Куманово | Мерка |
| Теле 1-6 месеци | мин. | 165 | 110 | 160 | КГ/Ж.м |
| | макс. | 170 | 120 | 200 | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 165 | 110 | 190 | КГ/Ж.м |
| Јуне 6-18 месеци | мин. | 130 | 100 | 100 | КГ/Ж.м |
| | макс. | 140 | 110 | 120 | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 135 | 100 | 120 | КГ/Ж.м |
| Молзни крави | мин. | 46000 | 36000 | 42000 | Грло |
| | макс. | 80000 | 74000 | 74000 | Грло |
| | најзастап. | 70000 | 61000 | 55000 | Грло |
| Јагниња до 18кг. | мин. | 140 | 180 | 130 | КГ/Ж.м |
| | макс. | 160 | 180 | 140 | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 160 | 180 | 130 | КГ/Ж.м |
| Јагниња над 18кг. | мин. | 110 | 120 | 120 | КГ/Ж.м |
| | макс. | 130 | 150 | 130 | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 130 | 140 | 120 | КГ/Ж.м |
| Овци | мин. | 6700 | 5000 | 3600 | Грло |
| | макс. | 8600 | 7400 | 6900 | Грло |
| | најзастап. | 8000 | 6100 | 5500 | Грло |
| Прасиња од 20-35кг. | мин. | 170 | 150 | 170 | КГ/Ж.м |
| | макс. | 180 | 160 | 180 | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 180 | 150 | 170 | КГ/Ж.м |
| Гоеница од90-110кг | мин. | 90 | 110 | 90 | КГ/Ж.м |
| | макс. | 120 | 130 | 100 | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 120 | 120 | 100 | КГ/Ж.м |
| Јариња | мин. | 130 | 100 | 110 | КГ/Ж.м |
| | макс. | 140 | 120 | 120 | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 140 | 120 | 110 | КГ/Ж.м |
| Сено (бала) | најзастап. | 70 | | 80 | 13-18 кг |
| Луцерка(бала) | најзастап. | 50 | | 8 кг | 10-15 кг |
| Слама (бала) | најзастап. | 40 | | 30 | 4-6 кг |

*Извор: www.mzsv.gov.mk*

*Цените се изразени во денари

ЗПИС- Пазарни информации

# АГРОСТАРТ




## ЈУБИЛЕЈ 10 ГОДИНИ ВО МАКЕДОНИЈА

Земјоделска задруга АГРОСТАРТ е основана во 1990 година, со основна дејност увоз и дистрибуција на: вештачки ѓубрива, семенски материјали, сточна храна и премикси.

Агростарт бележи големи резултати благодарение на беспрекорниот квалитет на производите (вештачки ѓубрива, семенски материјали, сточна храна) а од 2000 година и најквалитетните премикси кои се нудат на пазарот во Р.Македонија. Премиксите се од **LIKRA - Linzer Kraftfutter** од Линц, Австриа. Мотото на ЛИКРА е:

***Подобар квалитет, поголема корист.***




## ЈУБИЛЕЈ 50 ГОДИНИ ОД ОСНОВАЊЕ

LIKRA

*Увозник и застапник за Р.Македонија*
***З.З."АГРОСТАРТ "***
*с.Режановце,Куманово*
*тел.031/478-600; 078-425-037*
*факс.031/436-699*
*mail: info@agrostart.com.mk*

ЗЕМЈОДЕЛСКА ЗАДРУГА АГРОСТАРТ

LIKRA Tierernährung

# ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ВИНОВАТА ЛОЗА

| РАЗВОЈНА ФАЗА | БИОЛОШКИ ПРОБЛЕМ | ИЗБОР НА ПРЕПАРАТИ | ДОЗА (л/кг/ха) |
|---|---|---|---|
|  Листари до 15 см | **ЕСКОРИОЗА** *(Phomopsis)*<br>**ПЛАМЕНИЦА** *(Plasmopara)* | BRAVO 500 SC<br>THIOVIT JET 80 WG | 2,5<br>3 до 6 |
|  Пред цветање | **ПЛАМЕНИЦА** *(Plasmopara)*<br>**ПЕПЕЛНИЦА** *(Uncinula)*<br>**ГРОЗДОВИ МОЛЦИ** *(Lobesia, Eupoecilia)* | RIDOMIL GOLD COMBI 45 WG<br>TOPAS 100 EC + THIOVIT JET 80 WG<br>MATCH 050 EC или<br>CHROMOREL D или<br>KARATE ZEON 5 SC | 2<br>0,25 + 2 до 4<br>1 или<br>1 или<br>0,15 |
|  После цветање | **ПЛАМЕНИЦА** *(Plasmopara)*<br>**ПЕПЕЛНИЦА** *(Uncinula)*<br>**ГРОЗДОВИ МОЛЦИ** *(Lobesia, Eupoecilia)*<br>**СИВО ГНИЕЊЕ** *(Botritis)* | RIDOMIL GOLD MZ 68 WG<br>TOPAS 100 EC + THIOVIT JET 80 WG<br>MATCH 050 EC или CHROMOREL D или KARATE ZEON 5 SC<br>SWITCH 62,5 WG ili CHORUS 75 WG | 2,5<br>0,25 + 2 до 4<br>1 или 1<br>или 0,15<br>0,4 или 0,3 |
|  Зрно грашок | **ПЛАМЕНИЦА** *(Plasmopara)*<br>**ПЕПЕЛНИЦА** *(Uncinula)*<br>**ГРОЗДОВИ МОЛЦИ** *(Lobesia, Eupoecilia)*<br>**СИВО ГНИЕЊЕ** *(Botritis)* | RIDOMIL GOLD PLUS 42,5 WP<br>TILT 250 EC + THIOVIT JET 80 WG<br>MATCH 050 EC или CHROMOREL D или KARATE ZEON 5 SC<br>SWITCH 62,5 WG ili CHORUS 75 WG | 4<br>0,25 + 2 до 4<br>1 или 1<br>или 0,15<br>0,4 или 0,3 |
|  Прошарок | **ПЛАМЕНИЦА** *(Plasmopara)*<br>**ПЕПЕЛНИЦА** *(Uncinula)*<br>**ГРОЗДОВИ МОЛЦИ** *(Lobesia, Eupoecilia)*<br>**СИВО ГНИЕЊЕ** *(Botritis)* | QUADRIS 25 SC или<br>BRAVO 500 SC<br>TILT 250 EC + THIOVIT JET 80 WG<br>MATCH 050 EC или CHROMOREL D или KARATE ZEON 5 SC<br>SWITCH 62,5 WG или CHORUS | 0,75 или<br>2,5<br>0,2 + 2 до 4<br>1 или 1<br>или 0,15<br>0,4 іли 0,3 |
|  Зреење | **СИВО ГНИЕЊЕ** *(Botritis)*<br>**ПЕПЕЛНИЦА** *(Uncinula)* | SWITCH 62,5 WG или<br>CHORUS 75 WG<br>THIOVIT JET 80 WG | 0,4 или<br>0,3<br>3 до 6 |


телефони: (02) 3113 292; (02) 3237 563, (02) 2722 610.

ХРОМОС ПЕСТИЦИДИ

www.hromospesticidi.com.mk

syngenta